ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

АНАЛИЗА НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

# ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседател проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредник:**
Уранија Пировска,
извршна директорка на Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

**Автори:**
Санела Шкријељ
Мерита Кули
Елена Димушевска
Зурија Саит

**Лектор:**
Дејан Василевски

**Графички дизајн и печатење:**
Релатив

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364.2(=214.58:497.7)(047.31)

АНАЛИЗА на јавните политики за правата на Ромите во Република Македонија / [Санела Шкријељ ... и др.]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2018. - 45 стр. : граф. прикази ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Санела Шкријељ, Мерита Кули, Елена Димушевска, Зурија Саит. - Библиографија: стр. 45

ISBN 978-608-4790-30-3
1. Шкријељ, Санела [автор] 2. Кули, Мерита [автор] 3. Димушевска, Елена [автор] 4. Саит, Зурија [автор]
а) Роми во Македонија - Социјална заштита COBISS.MK-ID 106798090

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка од граѓанското општество кон политиките за социјална кохезија и различностите" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Владата на Обединетото Кралство.

# СОДРЖИНА


Листа на кратенки 5
Вовед 6
Методологија 6
Преглед на меѓународни политики за Ромите 7
Политики за Ромите на национално ниво 10
Спроведување на политики за Ромите на општинско ниво 13
Образование 13
- Предучилишно образование 14
- Основно образование 15
- Заклучоци 18
- Препораки 18

Вработување 20
- Политики за вработување 20
- Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020 (дел вработување) 20
- Оперативниот план за услугите на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување 21
- Кои се специфичните бариери со кои се соочуваат Ромите во пристапот кон пазарот на труд 24
- Препораки 25

Домување и инфраструктура 27
- Теренска анализа 27
- Кои се најголемите проблеми поврзани со домување/инфраструктура по општини 29
- Заклучоци 30
- Препораки 30

Здравство 32
- Наоди од теренска анализа 32
- Заклучоци 34
- Препораки 34

Социјална заштита 35
- Преглед на пристап и корисници на права од социјална заштита 35
- Посвојување 42
- Семејно насилство 42
- Заклучоци 43

Студии на случај врз основа на направени интервјуа со лица од ромската етничка заедница 44
Библиографија 45

# Листа на кратенки

АП - Акционен план
АВРМ - Агенција за вработување на Република Македонија
ДР - Декада на вклучување на Ромите
ДЗС - Државен завод за статистика на Република Македонија
ИЈЗ - Институт за јавно здравје на Република Македонија
М&Е - Мониторинг и евалуација
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
МЗ - Министерство за здравство
МОН - Министерство за образование и наука
МЛС - Министерство за локална самоуправа
МТВ - Министерство за транспорт и врски
НКИДСР - Национален координатор за имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Роми
НВО - Невладина организација
ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка во Европа
економска соработка на развиените земји
ООН - Организација на Обединетите нации
ОИСДР - Одделение за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите при МТСП
Попис 2002 - Попис на население, домаќинства и станови во Македонија, 2002
РМ - Република Македонија
РЕФ - Ромски образовен фонд, Фондација од Будимпешта
РИЦ - Ромски информативен центар
СБ - Светска банка
СР - Стратегија на Ромите
СЗО - Светска здравствена организација
УНДП - Програма за развој на Обединетите нации
ФООМ - Фондација „Отворено општество“ Македонија
ФЗО - Фонд за здравствено осигурување

# ВОВЕД

Целта на оваа анализа е да даде холистички, сеопфатен и систематичен осврт на регулативата и практиката за инклузија на Ромите во РМ и да обезбеди податоци и докази од кои ќе произлезат конкретни препораки за подобрување на јавните политики за Ромите во областите на социјалната заштита, вработувањето, домувањето, образованието и здравствената заштита.

Потребата од изработка на ваква анализа произлегува, пред сѐ, од фактот што, и покрај имплементацијата на Декадата на Ромите во периодот 2005-2015 и подготовката на нова национална стратегија за Ромите 2016-2020, сепак, според многу анализи на фактичката ситуација, Ромите продолжуваат да бидат најмаргинализираната заедница во Република Македонија. Покрај здруженијата на граѓани и извештаите на Народниот правобранител, ова го потврдуваат и извештаите на релевантните меѓународни институции, како Комитетот за елиминација на расна дискриминација: „Комитетот посочува на ограничување на основните слободи и права и нивна неефикасна заштита, загриженост и за проблемот со домувањето на Ромите и за лошиот социјален статус".

Со цел идентификување на недостатоците и предизвиците во пристапот до услуги на локално ниво, со истражувањето беа опфатени следните десет општини: Чаир, Шуто Оризари, Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Делчево, Берово, Виница и Куманово.

# МЕТОДОЛОГИЈА

При спроведување на анализата на јавните политики за правата на Ромите во Република Македонија и посебно за општините: Чаир, Шуто Оризари, Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Делчево, Берово, Виница и Куманово се користеа националните и локалните политики за Ромите.

Методолошките алатки за прибирање на податоците се прибирање на секундарни податоци преку статистички соопштенија, публикации и анализи, како и преку барање за пристап до информации од: државните институции и локалните институции во Република Македонија.

Исто така, при спроведување на анализата се земаат предвид и евентуалните регионални и локални политики, каде што се разгледува прашањето за вработувањето, социјалната инклузија, образованието, домувањето, социјалната заштита и здравствената заштита. Во подготовката на анализата беа земени предвид законската регулатива, документите и акциските планови што произлегуваат од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија – 2014-2020, како и локалните акциски планови.

Спроведени се четири фокус-групи со различна категорија на граѓани: фокус-група со жени Ромки спроведена во Скопје, фокус-група со ромски информативни центри спроведена во Скопје, фокус-група со локални граѓани (мешана група) во Битола и фокус-група со локални граѓани во Прилеп. Во следните десет општини: Чаир, Шуто Оризари, Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Делчево, Берово, Виница и Куманово се спроведени интервјуа со по десет локални Роми.

Спроведени се 40 интервјуа со претставници на Национално координативно тело, Министерство за труд и социјална политика – одделение за имплементација на Декадата, агенција за вработување, ромски информативни центри, кабинет на министер без ресор, ромски невладини организации, Ромски образовен фонд, здравствени медијатори, претставници на локални самоуправи.

Наодите од спроведената анализа ќе можат да се искористат за унапредување на националните и локалните програми за Ромите во Република Македонија.

# ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИКИ ЗА РОМИТЕ

Прашањето за положбата на Ромите и нивната социјална инклузија е содржано во голем број меѓународни правни акти. Дел од нив ги поставуваат општите принципи и стандарди за заштитата на правата на националните малцинства, во кои се инкорпорирани и правата на Ромите како припадници на заедници кои не се мнозинство. Другите се насочени непосредно кон прашањето за положбата на Ромите, предлагајќи или утврдувајќи конкретни мерки за подобрување на нивното образование, вработување, здравствена заштита, домување и култура.

**Универзалната декларација за човекови права, 1948,** во член 2 утврдува дека секој човек може да ги ужива сите права и слободи без разлика на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политика или друга определба, национално или социјално потекло, имотна состојба, возраст или друг статус. Декларацијата ја уредува заштитата на основните права на човекот и граѓанинот, како граѓански, така и економски, социјални и културни права.

Со **Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права од 1966 година** земјите-членки изразуваат согласност да обезбедат еднакви права за мажите и жените во уживањето на заштитата на правата од економски, социјален и културен аспект, утврдени со овој акт.

**Европска социјална повелба (ревидирана), 1996,** го утврдува правото на секој да заработува за живот преку слободно избрана работа, правото на социјална сигурност, правото на социјална и медицинска помош, правото да ги користи услугите на службите за социјална заштита, правото на соодветна социјална, правна и економска заштита на децата и младинците.

**Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства од 1997 година** во член 4 утврдува забрана за секаков вид дискриминација по основа на припадност на национално малцинство. Потписничките на оваа конвенција се обврзуваат да донесат соодветни мерки за унапредување на економскиот, општествениот, политичкиот и културниот живот на припадниците на националното малцинство и во таа смисла да водат сметка за специфичните услови на припадниците на националните малцинства. Член 7 од Конвенцијата ги обврзува земјите-потписнички да преземат заштитни мерки за жртвите на закани или акти на дискриминација, непријателство или насилство поради нивниот етнички, културен, јазичен или верски идентитет, и да ги унапредуваат можностите за пристап до образованието во сите степени за припадниците на националните малцинства.

**Резолуцијата на Европскиот парламент за социјалната положба на Ромите и нивниот пристап до пазарот на трудот во Европската унија** ги повикува земјите-членки на Европската унија да го подобрат пристапот на жените Ромки кон стручното образование, како и да преземат мерки за приспособување на стручното образование кон потребите на пазарот на труд. Резолуцијата содржи препорака за изработка на програмски пакет за промоција и мотивирање на дипломираните студенти Роми да ја продолжат кариерата во општеството од коешто доаѓаат. Имајќи ги предвид најгорливите предизвици со коишто се соочуваат Ромите, Европскиот парламент смета дека треба да се преземат активни чекори кон креирање политики за обезбедување на социјална и економска инклузија, вклучително и ад хок мерки за домување и програми за самовработување и микрокредитирање на Ромите.

Со **Резолуцијата за ситуацијата на Ромите во Европа и за слободата на движење во Европската унија,** Европскиот парламент ги нагласува правните основи за забрана на колективното и масовно протерување, на пример Повелбата за фундаменталните права на Европската унија и Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи. Во тој контекст, Европскиот парламент ги советува земјите-членки да ги разгледаат своите акти и политики што доведуваат до директна или индиректна дискриминација на Ромите на расна или на етничка основа. Резолуцијата содржи и повик до Европската комисијата за развивање на сеопфатна европска стратегија за инклузија на Ромите.

**Резолуцијата на Европскиот парламент донесена на вториот Самит за Ромите од 25 март 2010 година** ги повикува земјите-членки и европските институции да ги поддржат мерките чијашто цел е создавање на социјално и политички поволна околина за имплементација на стратегиите. И оваа резолуција содржи повик до Европската комисија за подготовка на Европска стратегија за инклузија на Ромите како инструмент за борба против социјалната исклученост и дискриминација на Ромите во Европа.

Во **Резолуцијата за Стратегија на Европската унија за инклузија на Ромите од деветти март 2011 година** Европскиот парламент става акцент, меѓу другото, на потребата од елиминирање на бариерите за интегрирање/реинтегрирање на ромските жени на пазарот на труд и во програмите за самовработување. Воедно, Европскиот парламент предлага и воведување на специјализирани обуки за вработените во образованието, со цел промоција на вработувањето на наставен кадар од ромската популација. Притоа, Европскиот парламент укажува на неопходноста од активна вклученост на локалната власт на земјите-членки и невладиниот сектор во насока на остварување на зацртаните цели.

Со **Резолуцијата за напредокот во имплементацијата на националните стратегии за интеграција на Ромите од 12 декември 2013 година** Европскиот парламент им предлага на земјите-членки да направат обид да ги интегрираат своите програми за инклузија на Ромите во програмите за промоција на еднакви можности и превенција од дискриминација и сегрегација. Исто така, Европскиот парламент ги повикува земјите-членки да работат и на отстранување на бариерите за пристап до вработување на ромското население.

Во **рамките на Европа 2020, Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст**, од аспект на прашањето за Ромите и нивната социјална инклузија во земјите-членки на Европската унија, од особено значење се три водечки иницијативи: унија на иновации, Агенда за нови вештини и работни места и Европска платформа против сиромаштијата.

„Европската платформа против сиромаштијата" има цел постигнување на социјална кохезија во земјите-членки. На национално ниво, оваа иницијатива подразбира обврска за преземање активности за промоција на колективната и индивидуалната одговорност во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост, како и дефинирање и имплементирање мерки насочени кон точно утврдени ризични групи, на пример: самохрани родители, повозрасни жени, Роми, луѓе со пречки во развојот и бездомници.

Во **Комуникацијата до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот совет за економски и социјални работи и Советот на регионите, Социјалната и економската интеграција на Ромите во Европа**, Европската комисија, меѓу другото, предлага мерки за подобрување на социјалната и економската интеграција на Ромите, на пример: зголемена соработка помеѓу националните и европските претставници од ромската заедница, поефективна комуникација со локалните власти, фокусирање на најзагрозените микрорегиони и вклучување на Ромите во нормалните општествени текови во областа на образованието, вработувањето, јавното здравство и домувањето. Според Европската комисија, прашањата за Ромите треба да бидат систематски вклучени во сите релевантни европски и национални политики. Политиките што предвидуваат сепаратно образование и домување за Ромите, пак, треба да бидат укинати.

Со **комуникацијата до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европската комисија за економски и социјални работи и Европската комисија на регионите, Платформата на Европската унија за национални стратегии за интеграција на Ромите до 2020 година,** Европската комисија им укажува на земјите-членки дека мораат да обезбедат пристап на децата Роми до квалитетно образование, како и да ја искоренат сегрегацијата и дискриминацијата во училиштата. Во областа на вработувањето, а поврзано и со образованието, земјите-членки треба да обезбедат целосен пристап на Ромите до програмите за стручно образование, образование за возрасни, самовработување, микрокредитирање и пропорционално вработување во јавниот

сектор. Пристапот до квалитетни здравствени услуги, особено за децата и жените Роми, како и вклучување на Ромите во здравствените програми што ги таргетираат ромските заедници се исто така приоритетни прашања што бараат преземање на конкретни мерки. Земјите-членки се должни и активно да го промовираат недискриминаторниот пристап во областа на домувањето, вклучувајќи го и социјалното домување.

**Комуникацијата од Европската комисија до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот совет за економски и социјални работи и Советот на регионите, Националните стратегии за интеграција на Ромите: прв чекор кон имплементација на Платформата на Европската унија од 21 мај 2012 година** утврдува конкретни насоки на дејствување за секоја одделна област од интерес за интеграцијата на Ромите. Така, за прашања од областа на образованието, Комисијата ги насочува земјите-членки да работат на елиминација на сегрегацијата во училиштата, преиспитување на одлуките за упатување на голем број деца Роми во училишта за деца со посебни потреби, промоција на програмите за стручно образование, зголемување на бројот на запишани деца во центрите за предучилишна возраст, зголемување на обуките за вработениот наставен кадар, како и зголемување на свеста на родителите за важноста на образованието. Во областа на вработувањето, пак, Комисијата препорачува земјите-членки да утврдат мерки за поддршка на првото вработување на Ромите, да ги елиминираат бариерите и дискриминацијата, особено за жените Ромки и да обезбедат поголема поддршка за програмите за самовработување. Во областа на здравствената заштита, на земјите-членки им се советува да го подобрат пристапот на Ромите до основните, итните и специјалистичките здравствени услуги, да ја подигнат свеста за потребата од редовни медицински проверки, планирање на семејството и неопходноста од имунизација. Европската комисија повикува и на подобрување на условите за живеење и преземање мерки за социјално домување, а ја истакнува и неопходноста од регистрирање на Ромите во евиденциите на надлежните институции.

Во **комуникацијата до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот совет за економски и социјални работи и Советот на регионите, Чекори кон имплементација на Националната стратегија за интеграција на Ромите од 26 јуни 2013 година,** Европската комисија известува дека континуирано ги следи активностите на земјите-членки за имплементација на националните стратегии за интеграција на Ромите. Комисијата заклучува дека најголемиот број на земјите-членки треба да го подобрат процесот на креирање, имплементација и евалуација на политиките преку вклучување на локалната власт. На земјите-кандидати за членство во Европската унија, Комисијата им препорачува да најдат доволно средства за имплементација на политиките за интеграција на Ромите.

# ПОЛИТИКИ ЗА РОМИТЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Насочени политики за Ромите во Македонија првпат се појавуваат во 2004 година, со донесувањето на национална стратегија за Ромите (Министерство за труд и социјална политика, 2005). Таа стратегија е надополнета со НАП-ови, а во некои општини и со ЛАП-ови. Во следните десет години, стратегијата и НАП-овите беа заменети, како и некои ЛАП-ови. Во 2009 година, меѓу општините и централната власт беа воведени Меморандуми за соработка како дополнителен механизам за таргетирање на Ромите на локално ниво.

Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 беше усвоена во 2014 година со цел да ја замени Стратегијата усвоена во 2004 година, а се темели на потребата од континуирани напори за подобрување на интеграцијата на Ромите, и покрај одредениот напредок во последниве години (види Министерство за труд и социјална политика 2014: 5, Министерството за труд и социјална политика, 2005). Визијата врз која е основана Стратегијата е дека „Ромите во Република Македонија вклучени во општествени текови имаат зголемени можности за подобар живот" (Министерство за труд и социјална политика 2014: 31).

Суштинските делови од Стратегијата се структурирани околу пет области: култура, образование, вработување, здравство и домување. Се забележува неусогласеност на Стратегијата со Националните акциски планови во дефинирањето на приоритетните области, и покрај тоа што Европската комисија во своите извештаи за земјата потенцира дека е потребно ставање на поголем акцент и вклучување на жената Ромка во сите области, вклучувањето на жената Ромка не е дефинирана како посебна област во Стратегијата. Забелешките од Европската комисија сепак се земени предвид, при изработка на националните планови изработен е НАП за Зајакнување на положбата на ромската жена во општеството.

Како што е прикажано подолу во Табела 1, Стратегијата поставува стратешка цел во секоја од овие области.

Табела 1. Стратешки цели по области

| АНАЛИЗА | СТРАТЕШКА ЦЕЛ |
|---|---|
| на јавните политики | Развој и промоција на ромската култура, јазик и традиција. |
| за правата на Ромите | Да се подигне нивото на образование на ромската заедница. |
| во Република Македонија | Подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста кај ромската заедница, а преку тоа и нејзина интеграција во општествените текови. |
| Здравство | Континуирано подобрување на здравствениот статус на ромската заедница. |
| Домување | Намалување на јазот во квалитетот на домување помеѓу ромската и неромските заедници. |

Актуелните Национални акциони планови (НАП) за Ромите беа усвоени во 2015 и 2016 година. Областите опфатени со НАП се образование, вработување, здравство, домување и дополнително областа вклучување на жената Ромка. Иако со Националната стратегија за Роми е опфатена и областа култура, нема изготвено Национален акциски план за оваа област. Вкупниот број мерки вклучени во НАП широко варира (од 17 мерки во НАП за домување до 32 мерки во НАП за образование), сите пет се подготвени според заеднички шаблон и тоа овозможува релативно

лесно да се види како различните НАП-ови се однесуваат еден кон друг. Уште една позитивна карактеристика на НАП-овите е вклучувањето податоци за појдовна состојба, со што ефективно ги поставува темелите за мерење на напредокот кон целите. Од друга страна, само во НАП-овите за домување и вклучување на жената Ромка се вклучени специфични временски рамки за реализација на планираните активности.Имплементацијата на Националните акциски планови од 2015-2016 година, откако се усвоени, сè уште тешко се спроведува. Главно, тоа се должи на предвидените финансиски средства, т.е. немање средства за имплементација на предвидените активности според НАП-овите, нивната целокупна реализација зависи од донаторски средства. Имено, усогласувањето на предвидените програмите на задолжените министерства со НАП-овите, односно усогласување на НАП-овите со програмите на министерствата е една од клучните предуслови за нивна имплементација.

Подолу во табелата се претставени стратешките цели и исходите за секој од петте НАП-ови: здравство, образование, домување, вработување и зајакнување на положбата на ромската жена во општеството.

| Национален акциски план | Стратешки цели | Исходи |
|---|---|---|
| Здравство | Продолжување на животниот век кај Ромите до 2020 година, согласно Националниот акционен план за здравство 2015-2020 година. | 1. Подобрен пристап за Ромите до интегрирани, квалитетни, превентивни и куративни здравствени услуги.<br>2. Намалени ризици и превенирани болести поврзани со стапката на морталитет кај Ромите, чијашто појава е покарактеристична кај ромската популација.<br>3. Спречување на дискриминацијата врз Ромите во пристапот до здравствените услуги. |
| Домување | Намалување на јазот во однос на квалитетот на домување помеѓу ромските и нeромските заедници[1]. | – Обезбедено социјално домување за ромските семејства од социјално ранливите категории.<br>– Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување програми за интегрирана урбана регенерација и спречување на штетните услови за живеење.<br>– Обезбедено системско регистрирање во Катастар на имотот и земјата во сопственост на Ромите. |

| | | |
|---|---|---|
| Образование | Подобрена е образовната структура кај ромската заедница, особено кај девојчињата и жената Ромка. | 1. Подобрен пристап и успешно комплетирање на предучилишното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>2. Подобрен пристап и успешно комплетирање на основното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>3. Подобрен пристап и успешно комплетирање на средното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>4. Зголемен пристап и успешно комплетирање на високото образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>5. Зголемен бројот на возрасни Роми кои го комплетирале основното и средното образование.<br><br>6. Намален бројот на ученици Роми во основните и во средните специјални училишта во Р. Македонија. |
| Вработување | Зголемени можности за вработување на Ромите на достоинствени работни места. | – Подобрен пристап за Ромите до владините програми за вработување до 2020 година, особено за Ромките.<br><br>– Повисок приход и одржливи вработувања за Ромите до 2020 година, особено за Ромките. |
| Зајакнување на положбата на ромската жена во општеството | Жените и девојчињата од ромската заедница ги уживаат човековите права ослободени од родова нееднаквост и дискриминација. | – Зголемен пристап на Ромките до средства и можности за нивен развој и учество во економскиот, социјалниот и културниот живот.– Намалено ниво на семејно насилство врз жените.– Намалена преваленца на бракови/заедници помеѓу и со малолетници и нивното влијание врз образованието, здравјето и родовата улога. |

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РОМИТЕ НА ОПШТИНСКО НИВО

Состојбата на Ромите варира во зависност од локалитетот, како и од тематската област. Сепак, општините прикажуваат некои значителни сличности. Имајќи ги предвид тие сличности, овој дел од извештајот нуди преглед на состојбата во областите образование, вработување, здравство, домување и инфраструктура и социјална заштита.

# ОБРАЗОВАНИЕ

Основното и средното образование во Македонија се обврзувачки и регулирани се со закони што важат за сите граѓани еднакво.

**Законот за основно и за средно образование** го гарантира образованието како право на секое дете. Двата степена на образование се бесплатни, обврзувачки и важат за сите граѓани еднакво. Притоа, забранува дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој закон (член 2). Основното училиште трае девет години, а на родителите им нуди дури и можност за советување со цел детето да постигне колку што е можно поголем успех во образованието. Согласно Уставот на Република Македонија, за учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница, на начин утврден со закон (член 9). **Законот за учебниците за основно и средно образование** уредува дека за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, учебниците се издаваат на јазикот и писмото на којшто се остварува наставата.

**Стратегија за Ромите: стратешки цели поврзани со образование**

-Во периодот 2014-2020 година, да се зголеми бројот на вклучени деца Роми на предучилишна возраст во предучилишното образование за 25%.

-Зголемено учество на негувателки/воспитувачки Ромки во институциите од предучилишното образование до 2020 година.

-Да се опфатат најмалку 98% деца Роми на возраст за запишување во прво одделение во основното образование, да се подобри успехот и да се постигне минимум од 75% проодност од едно одделение во друго до 2020 година.

-Да се зголеми преминот од основно образование во средно образование, да се подобри успехот и значително да се намали исипот/откажувањето на учениците Роми до 2020 година.

-Да се зголеми бројот на Роми со завршено високо образование до 2020 година.

-Да се зголеми бројот на запишани студенти Роми на педагошките факултети, насоки и други факултети кои продуцираат наставнички кадри. Да се зголеми бројот на Роми со завршено високо образование до 2020 година.

-Дооформување на основното и средното образование од страна на возрасните Роми, заради стекнување со можност за егзистенција, личен развој и други потреби кои од различни причини не завршиле навреме.

-Намален број на ученици Роми вклучени во училиштата за деца со посебни потреби за 20% до 2020 година.

## Предучилишно образование

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ), веќе единаесет години по ред го имплементира проектот Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи – детски градинки. Проектот се спроведува во општините: Чаир, Гази Баба, Карпош, Битола, Куманово, Гостивар, Тетово, Велес, Прилеп, Виница, Кочани, Делчево, Берово, Кичево, Штип, Пехчево, Шуто Оризари и Центар.

> Вкупниот број на запишани деца во сите детски градинки во Република Македонија е 34.521, од нив 718 или 2,07% деца се Роми. Надвор од проектот (родители кои сами го покриваат престојот на децата во градинка на ниво на Република Македонија) запишани се вкупно 204 деца.
>
> Во рамките на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишни установи во текот на учебната 2017-2018 година запишани се вкупно 514 деца Роми во 19 општини во Република Македонија, од планираните 628 или 82% од предвидената цел во проектот. Од вкупно запишаните 514 деца, 277 или 54% деца редовно посетуваат градинка.

Главна цел е подготовката на децата Роми за приспособување кон наставните програми и упис во основно училиште. Паралелно се работи и на подигање на свеста на родителите за важноста за упис на децата во предучилишни установи, но и со наставниот кадар со цел да се надминат постојните стереотипи и предрасуди кон Ромите. Во рамките на проектот вработени се 19 Ромки-негувателки на неопределено време, кои веќе се дел од персоналот во предучилишните установи. Дополнително, три негувателки се плаќаат од Ромскиот едукативен фонд и нивниот статус сѐ уште не е решен.

Селектирани се вкупно 21 локален медијатор, односно по еден медијатор во Берово, Делчево, Пехчево, Велес, Прилеп, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Кочани, Гази Баба, Центар, Чаир, Виница, Карпош, Штип и Битола и тројца медијатори во општината Шуто Оризари. Улогата на медијаторите во проектот е да овозможат исполнување на целите на проектот во однос на предвидената цел на деца кои треба да се вклучат во детските градинки.

Во рамките на овој проект, освен обврските што ги презема Министерството за труд и социјална политика административно и финансиски, исто така градинката и општината поддржуваат престој за одреден (помал) број деца Роми во градинките, за што потпишуваат договор со Министерството за труд и социјална политика. Исто така, општините обезбедуваат превоз за децата Роми од/до градинката.

И покрај прогресот направен во однос на вклучувањето на ромските деца во предучилишно образование, сепак дискрепанцата помеѓу вклученоста во однос на националниот просек, што изнесува околу 30%, е огромна. Уште повеќе, ако го земеме предвид таргетот на ЕУ2020, што изнесува 95%[1] Во таа насока е неопходно проширување на пристапот до предучилишното образование. Земајќи ги предвид важноста на предучилишното образование за децата од маргинализираните и ранливи заедници и ниските стапки на запишување на Ромите во однос на општата популација, треба да се обезбеди најмалку една година бесплатно предучилишно образование во етнички мешани групи. За таа цел ќе биде потребно да се отворат дополнителни објекти таму каде што објективната побарувачка ја надминува сегашната понуда.

1 EU Strategy 2020; benchmark within education is that by 2020, 95% of the children at age 4 are enrolled in preschool education.

Иако, главно, постои задоволство од резултатите и од имплементацијата на проектот, сепак:

> –Статусот сè уште е „проект“, што значи дека нема вистинска институционализација;
>
> –Вклучувањето на ромските деца не треба и не смее да биде ограничено на бројот на деца вклучени во овој проект;
>
> –Вклучување на ромските деца не смее да биде ограничено од возраста на детето (проектот ги опфаќа само децата од 3,5- до 5,5-годишна возраст);
>
> –Дел од жените Ромки со кои разговаравме изјавија дека не успеале да ги запишат децата во градинка затоа што „бројот на ромски деца бил пополнет“;
>
> –Во некои општини беше пријавено дека во текот на летните месеци општината не го покрива организираниот превоз, што може да биде пречка за успешна социјализација на ромските деца во градинката (неколкупати треба да поминуваат низ периодот на адаптација).

## Основно образование

Министерството за образование и наука, преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, на почетокот на секоја учебна година и во текот на месеците август и септември во соработка со ромските невладини организации и ромските информативни центри организира акција за информирање на ромското население за упис на нивните деца во прво, но и во другите степени на образование. Оваа акција се организира преку информативни работилници и директна посета на ромските фамилии во нивните домови. Целта е да се подигне свеста кај родителите преку информирање и помош за упис на нивните деца во основно и средно образование.

Иако деветгодишно основно образование е задолжително со закон за сите граѓани, информациите од теренот укажуваат дека ова не се спроведува целосно во практиката. Од сите засегнати страни беше потенциран податокот дека најголемото исипување на ромските деца се случува токму во основно образование. За жал, иако се чини дека сите се свесни за овој факт, нема официјално известување од институциите. Уште повеќе загрижува фактот што причината за тоа не е секогаш грижата дали семејствата можат да ги платат казните согласно Законот, туку обидот училиштата да го избегнат намалувањето на наставниот кадар поради мал број деца и часови. Причините за напуштање на ромските деца од училиштата се неколку, но главно се поврзани со сиромаштијата. Меѓу главните пречки се недостапноста на книги и училишни предмети, недостиг на соодветна облека, лоши услови за живеење и недостиг на инфраструктура, очекување дека децата мораат да придонесат за семејната заработувачка и/или да се грижат за помладите браќа и сестри, односно тешко е за ромските семејства кои живеат во супстандардни импровизирани куќи на локалните депонии да размислуваат и да обезбедат услови за учење за своите деца. Покрај тоа, проблем е и сезонската и внатрешната миграција. Во овие случаи, децата отсуствуваат од училиште пред крајот на учебната година, а многу од нив едноставно го напуштаат.

Проблем со исипување и нередовно посетување на основно образование е и заминување на семејствата во европските држави со цел барање азил. Во многу ситуации поради недобивање на соодветни документи, семејствата се принудени да се вратат во Македонија и да продолжат со животот тука, а со тоа и да ги вратат децата во редовниот образовен процес. Проблемот се јавува кога детето пропуштило една или две учебни години и треба да продолжи со образованието во одделение несоодветно за неговата возраст.Во оваа насока, позитивен чекор е што во локалните акциони планови се предвидува училиштата да водат евиденција за овие случаи и да се координираат со релевантните министерства за да најдат решение.

**Добри практики:**

**Воведување на ромски образовни медијатори во воспитно-образовниот систем**

Воведувањето на ромски образовни медијатори во основното образование во Република Македонија следуваше по искуството стекнато од имплементацијата на активностите од кампањата за образование на Ромите, финансирана од Ромскиот едукативен фонд Будимпешта, како позитивен модел за обезбедување на квалитетно и еднакво образование на учениците од ромската заедница, имплементирана од Националниот ромски центар од Куманово. Првите ромски образовни медијатори се вклучени во системот на образование во учебната 2014/15 година.

Генерално, улогата на ромските медијатори се смета за позитивна, бидејќи, според информациите на Ромскиот едукативен фонд, успехот на учениците Роми се подобрува, а и ставот на нивните родители се менува. Особено имајќи предвид дека со завршено, барем средно образование, нивните деца имаат повеќе можности за вработување или дообразување. На ниво на општини, од некои претставниците на РИЦ-овите сепак се укажува на потребата од зголемен број на образовни медијатори, и тоа по одредени предмети, имајќи предвид дека секој не е компетентен за обезбедување поддршка за сите предмети.

**Ослободување од плаќање на административна такса за потврда за имунизација**

Во 2009 година, Министерството за образование и наука преку секторот за унапредување на основното и средното образование и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во соработка со Министерството за здравство, ги ослободија од плаќање на административна такса за потврда за имунизација, што е еден од неопходните документи за уписи во прво одделение, основното образование. Оваа ослободување најмногу го почувствуваа ромските семејства за кои овој трошок претставуваше сериозна пречка за упис на нивните деца во основно образование.

**Проект за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми**

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во континуитет го реализира Проектот за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми. Општа цел на овој проект е преку позитивни интервенции да се зголеми проодноста и успехот на учениците Роми од прва, втора, трета и четврта година од сите државни и приватни средни училишта во Република Македонија. Со овој проект се опфатени ученици стипендисти од околу 84 училишта и 28 општини ширум Република Македонија. Проектот се одвива во три фази: односно стипендирање, менторство и туторство.

**Бесплатни учебници, превоз и сместување во ученичките домови**

Дискриминацијата на Ромите во образованието останува и понатаму сè уште присутна. Една од најтешките форми на дискриминација претставува сегрегацијата која, согласно наодите од теренот, е присутна во неколку општини. Во сите свои извештаи од 2010 година наваму Народниот правобранител постојано укажува на сегрегација во образованието врз јазична и етничка основа.[2]

2 Извештај на народниот правобранител. Информации за состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/15 година. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2015/Informacija%20RomiObrazovanie-2015.pdf.

Посебно е нагласена сегрегацијата на ромските ученици во издвоените училишта и паралелки. Притоа се потенцира и несразмерната застапеност и сегрегација на Ромите во специјалните училишта. Извештаите на Народниот правобранител го истакнуваат проблемот на непочитување на одлуките за реонизација во повеќе основни училишта во државата и дека учениците се запишуваат врз основа на барањата и желбите на родителите.

Еден од најочигледните примери на сегрегација во образование во етничка основа претставува основното училиште „Ѓорги Сугарев“, Битола, каде што се запишуваат деца од исклучиво ромска националност, што претставува кршење на сите закони за човекови и детски права и меѓународните конвенции кои нашата земја ги има потпишано и ратификувано. Според бројот на ученици Роми во Општина Битола, најголем дел се запишани во ОУ „Ѓорги Сугарев“. Вкупниот број ученици е 604, од кои 474 се Роми, односно вкупно 80% од учениците во ова училиште се Роми. Во ОУ „Ѓорги Сугарев“ од 2011 до 2016 година драстично опаѓа бројот на запишани ученици во прво одделение од неромско население, особено во последните две години. Имено, во учебната 2015/2016 година се запишани само осум ученици кои не се од ромска националност, а во учебната 2016/2017 година при првиот уписен рок биле запишани пет ученици кои не се од ромска националност, кои потоа биле префрлени во друго училиште, што значи дека учебната 2016/2017 година во ова училиште беа запишани само ученици Роми. Според одлуката за реонизација, речиси сите деца од населбата Баир, која е претежно населена со ромско население, припаѓаат во училиштето „Ѓорѓи Сугарев“, иако училиштето „Тодор Ангелевски“ е исто така во непосредна близина. Од друга страна, родителите на неромските деца не го почитуваат планот за реонизација и ги запишуваат своите деца во основни училишта од други реони.

Повторно, најзагрижувачки факт е дека ниту една институција не известува или не презема мерки за спречување и реагирање на ваков вид дискриминација против Ромите. Всушност, институциите остануваат глуви на фактот дека постојниот закон за реонизација води до сегрегација. Во општината Прилеп, исто така, беше соопштено дека „постои растечки тренд на повлекување деца од македонско етничко потекло од училиште со мнозинство ромски ученици“.

Во некои од општините беше споменат и проблемот со ставање на ромски деца во паралелки и училишта за деца со попречености во развојот. Според информациите, постојниот систем на дијагностицирање и категоризација се покажал како несоодветен и стигматизирачки во практиката. За едно дете да се запише во овие училишта тој/таа мора да поседува документ за категоризација. Во нашиот систем оваа регулатива обично не се почитува и ромските деца се запишуваат без категоризација и без извршени тестови во вакви училишта или во „специјални паралелки“ во рамките на редовните училишта.

Во контекст на културните бариери, мораат да се споменат раните и детските бракови, што беа пријавени во речиси сите општини, како негативен растечки тренд. Случаите на ромски девојки кои се во брак и практично се продаваат како невести на возраст од 12 или 13 години беа пријавени во општините Шуто Оризари, Битола, Штип, Куманово. Ова беше потврдено и на состаноците со претставниците на здравствените институции, особено во Шуто Оризари, каде што ни дадоа информации за случаи на 16-годишни ромски девојчиња со три или четири деца. Повторно, тоа претставува кршење на детските права и форма на родово базирано насилство врз девојчињата, но за жал сè уште нема институционален одговор на оваа појава, со исклучок на напорите на неколку ромски невладини организации.Иако Ромите имаат право да учат на својот јазик, сепак најголем број се образуваат на македонски јазик. Видливо е дека во учебниците на македонски јазик не се обрнува посебно внимание на спецификите на етничките заедници, меѓу нив и на Ромите, а не се застапени ниту образовни програми што го третираат проблемот на дискриминација.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Кога станува збор за вклучување на Ромите, напредокот во областа на образованието го надминал напредокот во другите области. Во исто време постојат предизвици на сите нивоа:

–На ниво на предучилишно образование, и покрај значителен напредок, како резултат на проект имплементиран од страна на општинските власти во соработка со МТСП и поддржан од страна на Ромскиот образовен фонд, стапките на запишување кај Ромите остануваат повеќе од шест пати помали од националниот просек.

–Во основното образование постои значително исипување кај Ромите, што се должи на комбинација од сиромаштија, дискриминација, а во некои општини и малолетнички бракови.

–Несоодветното запишување Роми во специјалното образование за деца со пречки во менталниот развој и понатаму е проблем, особено во Скопје.

–Сегрегација во основни училишта како појава во Битола и Прилеп.

Согласно интервјуата спроведени на теренот, степенот на образование на населението не е на задоволително ниво, иако веќе се чувствуваат промени, особено во ставот на родителите кои во сè поголем број одлучуваат да ги вклучуваат децата во системот на образование. За оваа промена се заслужни поддршката обезбедена од РЕФ и невладините организации, за оние што успеале да завршат високо образование – стипендиите од МОН и РИЦ, што и преку други успеваат да обезбедат и поддршка и стипендии за децата, хигиенски пакети и друг вид поддршка за семејствата.

Стапката на неписменост сè уште е висока, особено помеѓу работоспособното население. Фактот дека најголем дел од интервјуираните имаа завршено основно и ретко средно образование, и тоа ги сместува Ромите на маргините на општественото живеење. Опциите за вработување се минимални (жените првенствено се занимаваат со одржување хигиена низ домаќинства), мажите – првенствено живеат од собирање пластика, железо, картон. Само мал дел од интервјуираните лица посетуваа обуки од АВРМ со тенденција за самовработување.

Развивање и реализирање програма за превенција на напуштање на основното образование е неопходност што произлегува од зголемениот број исипувања на учениците од основно училиште поради патувањата на родителите во земјите во ЕУ. Посебен проблем претставува нивното враќање, бидејќи училиштата не водат евиденција, ги примаат назад во училиште без претходно да обезбедат евиденција дека децата продолжиле со образование во земјата во која престојувале. Сиромаштијата, потребата од активно вклучување на целото семејство во обезбедување приход, но и питачењето, се исто така причини за напуштање на училиштето. Во ретки случаи, на евидентирани малолетнички бракови, младите девојки, понекогаш и мајки на 14-годишна возраст, се принудени да го напуштат образованието.

## ПРЕПОРАКИ

–Проширување на пристапот до предучилишното образование. Земајќи ги предвид важноста на предучилишното образование за децата од маргинализираните и ранливите заедници и ниските стапки на запишување на Ромите во однос на општата популација, треба да се обезбеди најмалку една година бесплатно предучилишно образование во етнички мешани групи. За таа цел ќе биде потребно да се отворат дополнителни објекти таму каде што објективната побарувачка ја надминува сегашната понуда. Транспортот, исто така, треба да се обезбеди во текот на целата календарска година.

–Промовирање на вклучувањето на Ромите во основното образование. Ромските едукатори треба да бидат вклучени во процесите на упис во основното образование, со цел да се создадат подобри услови за уписно тестирање. Локалните (како и националните) буџети треба да содржат ставка за образовна инклузија.

–Обезбедување на образовна поддршка надвор од училишните часови. Како што сугерира неодамнешниот пилот-проект со туторство во доцните години на основното образование, последиците од сиромаштијата за учеството во образованието можат да се намалат преку воннаставните програми за помош во пишувањето на домашни задачи и дополнителна настава за клучните предмети. Исто така, вреди да се разгледаат можностите да се комбинираат овие форми на поддршка со топол оброк како дополнителен начин на намалувањето на ефектите на сиромаштијата врз образовната партиципација. Обезбедувањето на топол оброк има потенцијал, од една страна, да ја подобри концентрацијата на децата, а од друга страна да ги мотивира родителите и децата за учество во воннаставните програми.

–Континуирано намалување на бројот на Роми во специјалното образование. Активностите на национално ниво треба да направат процесите на тестирање на децата за вклучување во основното образование да бидат културолошко почувствителни. Реинтегрирањето (во стандардното образование) на децата кои се несоодветно запишани во специјалното образование треба да биде надополнето со теренска работа на нивото на локалната заедница за да се подигне свеста кај ромските семејства во врска со недостатоците во образованието и ограничувањата на кариерните можности што произлегуваат од уписот на деца без посебни потреби во училишта за деца со посебни образовни потреби.

–Истражување и адресирање на дискриминацијата во образованието. Фреквенцијата на сегрегацијата и други повеќе или помалку суптилни форми на дискриминација во образованието треба да се документираат систематски како основа за изработка на соодветни мерки за нивното решавање, со наоди проследени до Министерството за образование и наука за соодветно прибирање и следење. Освен на прашањата поврзани со дискриминацијата на Ромите од страна на оние што не се Роми, треба да се обрне внимание и на половите разлики во стапките на завршување на задолжителното образование, а малолетничките бракови треба да се третираат како повреда на правата на ромските девојчиња.

–Во текот на запишувањето на учениците во прво одделение од училиштата и општинските власти да се води сметка за бројот на учениците Роми и нивното соодветно и рамномерно распоредување меѓу учениците од друга етничка заедница. Одлуката за реонизација да се почитува од сите основни училишта на еднаква основа, но воедно и да се преземат дополнителни активности од локалните самоуправи во насока на ревидирање на постојните одлуки за реонизација со цел елиминирање на можноста за сегрегирани паралелки, односно на училишта што имаат само ученици од ромска заедница.

# ВРАБОТУВАЊЕ

Според податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), заклучно со јануари 2016 година, вкупниот број невработени е 116.601, од кои 5.920 се Роми, а од нив 2.128 се Ромки. Се претпоставува дека бројката на невработени Роми е многу поголема затоа што сите Роми не се регистрирани како активни или пасивни баратели на работа во АВРМ. Социоекономските проблеми и дискриминацијата со кои се соочуваат Ромите дополнително ја отежнуваат нивната интеграција. Тоа го потврдуваат и извештаите на Европската комисија (ЕК) за напредокот на РМ за 2016 година во кој се нагласува: „(...) сегрегацијата, стереотипите и другите форми на дискриминација и понатаму остануваат распространети. Најголем дел од Ромите се невработени, немаат соодветна здравствена заштита, живеат во сегрегирани места и несоодветни услови за живот, при што се социјално исклучени од општеството". Релативно мал број Роми ги користат програмите и мерките за унапредување на вработеноста и претприемаштвото, споредено со бројот на Роми кои поднеле барање за нивно користење.

## Политики за вработување

Во Македонија, главно, политиките за вработување се насочени кон подобрување на квалитетот на понудената работна сила и кон поттикнување на побарувачката за работна сила. На страната на понудата најчесто се дејствува преку мерки за подобрување на вештините на невработените лица, преквалификација и обука на невработените за занимања што се барани на пазарот на труд, практикантство заради стекнување на невработените млади лица со работни вештини, мерки во доменот на образование (кариерно советување во средното стручно образование), осовременување на Националната рамка на квалификации, доживотно учење итн. На страната на побарувачката, покрај општите мерки за подобрување на деловното окружување, се дејствува и со мерки за намалување на трошоците на работна сила преку намалување на даночниот јаз и субвенционирање на вработувањата, финансиска помош за поддршка и развој на иновативни бизниси преку Фондот за иновации и технолошки развој, поддршка на брзорастечки фирми „газели", поддршка на самовработување, како и преку ослободување од плаќање придонеси за социјално осигурување за одреден временски период.

## Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020 (дел вработување)

Главната стратешка определба на стратегијата во делот за вработување е подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница, а преку тоа и нејзина интеграција во општествените текови во Република Македонија. Проблемите и потребите што се предмет на дејствување на оваа стратегија се идентификувани во подобластите:

1. Институционална поддршка за вработување на Ромите; и
2. Зголемување на стапката на вработување на ромската заедница.

**Национален акционен план за вработување Роми 2016-2020 година**
Во националниот акционен план за вработување во вид на матрица се разработени мерките, резултатите, индикаторите, целта, буџетот, надлежните институции, за постигнување на главната стратешка цел, зголемени можности за вработување на Ромите на достоинствени работни места преку следните два исхода:

1. Подобрен пристап за Ромите до владините програми за вработување до 2020 година, особено за Ромките.
2. Повисок приход и одржливи вработувања за Ромите до 2020 година, особено за Ромките.

Од друга страна, треба да се спомене дека Националната стратегија за вработување 2016-2020 не ги препознава Ромите и жената Ромка како ранлива група за која треба да се предвидат приспособени мерки засновани на потреби и споменува само широки категории на жени, млади

и корисници на социјална помош како ранливи категории. Ова особено се однесува на жените Ромки, иако оваа проблематика редовно се забележува во извештаите за напредокот на земјата на Европската комисија.

## Оперативниот план за услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување

Од 2007 година наваму во Република Македонија се применува систем на планирање и имплементација на активни мерки на пазарот на труд со цел да се одговори на различните потреби на ранливите групи невработени лица и на работодавачи, кои вклучуваат услуги за невработените лица, обуки, програми за креирање на работни места, работни клубови, практикантство и др. Од друга страна, исто така постои и примена на пасивни мерки за вработување што се поставени во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[3]. Имајќи предвид дека периодот на премин кон првото стабилно/задоволително вработување е речиси трипати подолг за оние млади лица што завршиле средно образование во споредба со оние што завршиле високо образование (37,1 и 12,5 месеци, соодветно), додека најалармантна е состојбата со младите лица што имаат завршено само основно образование на кои им се потребни дури до 62 месеца за да го завршат преминот од училиште кон прво вработување.[4]

Со Оперативниот план за услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување за 2017 година, се утврдуваат програмите/услугите за вработување и преку нивна имплементација ќе се настојува да се подобри функционирањето на пазарот на трудот, да се поддржи создавање на нови работни места и да се зголеми стапката на вработување на невработените лица. Во Оперативниот план за 2017 година, дефинирани се видот на услугите и програмите за вработување што ќе се имплементираат, услови и критериуми за секоја од програмите, целните групи на невработени, потребните финансиски средства и нивните извори, како и институциите надлежни за спроведување. Со Оперативниот план за 2017 година посебен акцент се става на младите невработени лица и се дава јасен преглед за учеството на младите лица во секоја од услугите и програмите за вработување со кое е предвидено да се настојува минимум 30% во рамките на секоја од програмите/услугите за вработување да бидат млади невработени лица до 29 години.

Критериумите за влез за сите кандидати за која било од мерките во рамките на Оперативниот план за вработување се завршено основно образование и статус на активен барател на работа, по категоризација на Агенцијата за вработување. И двата критериума се ограничувачки за огромен број на невработени Роми.

Според статистичките податоци обезбедени од Агенцијата за вработување, од 2007 до крајот на 2015 година вкупно 108.794 невработени се успешно вклучени во некои програми за вработување во земјата. Од нив 50,22% биле жени. Од вкупниот број вработени/самовработени/ или обучени 3.153 или 2,89% биле Роми. Ромските жени претставуваат 37% од ромските корисници вклучени во програмите и само 1% од вкупниот број корисници.




Процент на Роми вклучени во програмите за вработување, 2007-2015.

3 Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, „Службен весник на РМ“, бр. 112.

4 Студија на Меѓународната организација на трудот „Премин на младите жени и мажи од школо на работа“ – Женева.

## НАОДИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Табела 1: Број на регистрирани невработени Роми (активни баратели на работа), според образование и пол, 2016 година, по општини

| Општина | вкупно | | Без образование/ незавршено основно | | Незавршено СО | | Завршено СО | | Виша | | Факултет | | Пост-дипломски студии | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени |
| **Берово** | 141 | 54 | 104 | 35 | 15 | 6 | 19 | 10 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 |
| **Битола** | 409 | 196 | 390 | 186 | 5 | 2 | 13 | 8 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Виница** | 161 | 42 | 151 | 38 | 2 | 0 | 7 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Гостивар** | 417 | 121 | 344 | 101 | 17 | 1 | 52 | 16 | 1 | 1 | 3 | 2 | 0 | 0 |
| **Делчево** | 85 | 34 | 66 | 28 | 3 | 0 | 15 | 5 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Кочани** | 272 | 89 | 251 | 84 | 13 | 1 | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Куманово** | 404 | 122 | 349 | 103 | 17 | 4 | 36 | 15 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **Прилеп** | 767 | 320 | 726 | 305 | 11 | 5 | 29 | 9 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Тетово** | 258 | 88 | 199 | 67 | 16 | 2 | 37 | 18 | 2 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| **Чаир** | 218 | 98 | 194 | 94 | 12 | 1 | 9 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| **Шуто Оризари** | 1.125 | 404 | 949 | 370 | 105 | 12 | 70 | 22 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Податоците во табелата покажуваат дека најголем дел од евидентираните невработени Роми се без образование или со незавршено основно образование, што практично е пречка да можат воопшто да пристапат до програмите и до мерките за вработување.Мнозинството од Ромите кои биле дел од програмите, всушност, биле вклучени во мерките што обезбедуваат поддршка при вработување и/или обуки, додека само мал процент од невработените Роми всушност се вработени или самовработени. Подолу е дадена табела со бројот на Роми вклучени во активните мерки/услуги во општините во кои е правено истражувањето. Податоците се однесуваат на 2015 година.

| Мерки | Вкупен број Роми-учесници |
|---|---|
| Самовработување и формализација | 13 |
| Субвенционирано вработување | 6 |
| Обука за дефицитарни вештини | 7 |
| ИТ и курсеви за јазик | 1 |
| Поддршка при наоѓање работа | 108 |
| Подготовка за работа и вработување | 4 |
| Општински корисна работа | 43 |
| Професионална ориентација и кариерно советување | 6 |
| Поддршка за активно барање работа | 10 |
| Практиканство | 8 |
| Обука за почнување бизнис | / |
| Субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште | / |
| Обука кај познат работодавач со субвенционирање (обука) | 5 |
| Обука кај познат работодавач со субвенционирање (субвенционирање) | 3 |
| Мотивациски обуки | 416 |
| Самовработување (дополнително вработување на едно лице) | 1 |
| Обука кај познат работодавач | 6 |

Како дел од услугите за активирање на лицата кои живеат под социјален ризик, претставниците на локалните центри за вработување, во соработка со ангажираните ментори на УНДП и ромските информативни центри, организираат информативни сесии со цел да ги презентираат достапните мерки во рамките на Оперативниот план и да ги мотивираат Ромите да учествуваат во нив. Такви информативни сесии се одржани во Шуто Оризари, Чаир (Топаана), Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Штип, Кочани, Виница, Делчево и Берово. „Но, овие информативни состаноци не се доволно детални и на крајот не се поврзани со мерките што одговараат на потребите на Ромите. Која е корист од ваквите состаноци и ментори за мерки што не се достапни за Ромите?“, изјави еден претставник на ромска НВО.

Имено, како што беше споменато претходно, повеќето од нив не ги исполнуваат критериумите за аплицирање, а тоа е завршено основно образование. Вклученоста и активната улога на локалната самоуправа варираат во општините. Во некои општини, според интервјуираните претставници, постои тесна соработка со центрите за вработување и ромските информативни центри, во други тоа се смета за прашање и надлежност исклучиво на центарот за вработување.

При разговорите со претставници на центрите за вработување на локално ниво, може да се забележи дека постојат стереотипи кон ромската заедница. „Тие не се заинтересирани, не сакаат да работат и тука се само за да примаат социјална помош. Се работи за култура и менталитет“, многупати беше нагласено за време на интервјуата со претставници на локалната администрација и центрите за вработување. Еден од главните аргументи за ова е фактот дека нема голем интерес за обуките достапни во Оперативниот план.

Поради фактори како што се сиромаштијата и социјалната исклученост, повеќето Роми работат на ниско квалификувани работни места во неформалниот сектор. Ваквите работни места тешко можат да им обезбедат соодветна заработувачка за да ги издржуваат семејствата. Според изјавите на членовите на ромската заедница кои учествуваа во фокус-групите, бројот на лица ангажирани

во собирањето на пластични шишиња и отпадни метали постојано се зголемува. Друга област на неформални вработувања е трговијата, пред сè, во општината Шуто Оризари. Текстилната индустрија исто така е област каде што се вработени голем број жени Ромки, особено во источниот дел на земјата. Сепак, вработувањата во оваа индустрија се многу често неформални и во речиси сите случаи во супстандардизирани работни услови и плати под минималната плата во земјата. Овде треба да се напомене дека измените во Законот за минимална плата се позитивен чекор кон справување со дел од овие проблеми, земајќи го предвид фактот дека, претходно, текстилната индустрија беше изземена од законот за минимални плати.

Најголем процент од Ромите кои имаат формално вработување се наоѓаат во јавните институции, вклучувајќи ги тука и јавните комунални претпријатија. Според еден претставник на Ромскиот информативен центар, „овие вработувања се добри, но политичките вработувања значат дека луѓето треба да бидат ангажирани во политичките партии за да бидат вработени“. Ова е особено демотивирачки за младите Роми и нивната перцепција за иднината во земјата што можеше да се забележи во нивните ставови изразени за време на состаноците на фокус-групите.

## Кои се специфичните бариери со кои се соочуваат Ромите во пристапот кон пазарот на труд?

Низок степен на образование и стручна обука

Ова е прв фактор споменуван од претставниците на сите локални институции во сите вклучени општини, кога станува збор за невработеноста кај Ромите. Всушност, официјалните податоци покажуваат дека мнозинството регистрирани Роми се без образование или нецелосно основно образование, што е еден од клучните предизвици за нивно вклучување во активните мерки на пазарот на трудот. А оние што се носители на основно образование и се во можност да пристапат до мерките, повторно имаат ограничувања во пристапот до некои од мерките за вработување/самовработување/стручна обука, каде што се дава предност на оние со завршено средно образование.

Сепак, како што укажа еден претставник на ромска невладина организација, „ако образованието е главната пречка, тогаш зошто младите Роми со високо образование исто така се невработени?“ Дискриминацијата врз Ромите сè уште е многу присутна и го поткопува нивното вклучување во сите области, според интервјуираните членови на заедницата и граѓанските организации.

Стереотипи, предрасуди и дискриминација од страна на потенцијалните работодавачи

Според изјавите на учесниците во фокус-групите, дискриминацијата кон Ромите сè уште е многу присутна и покажува тенденција на пораст, во сите области, особено на пазарот на трудот. Беа споменати и случаи кога понудата за работа била повлечена од страна на приватниот работодавач откако дознал дека лицето кое аплицира е со ромско потекло. Во некои општини, на пример, Делчево, општината и центарот за вработување организираат средба со претставници од приватниот сектор, со цел да се надминат потенцијалните стереотипи и предрасуди што се пречка за вработувањето на Ромите.

Недостиг на информации и пристап до информации за можностите

Како што беше забележано за време на состаноците на фокус-групите, многу Роми, особено жените Ромки, имаат тешкотии во пристапот до потребните информации за можностите и мерките за вработување што ги нудат институциите. Токму затоа на жените Ромки им е потребна дополнителна поддршка и советување за да можат да влезат на пазарот на труд, но истовремено нивната изолираност ја зголемува тешкотијата да се обезбедат такви услуги, па дури и основни информации.

Информативните состаноци организирани од страна на центрите за вработување не се доволно јасни како алатка за ширење информации. Ова беше потврдено со фактот што голем дел од

младите Роми кои учествуваа во фокус-групите не беа запознаени со постојните можности за напредни ИТ вештини и јазици и како резултат на тоа, како што може да се види во прикажаната табела, бројот на учесници Роми во овие обуки е нула.

Пристапот до информации е особено ограничен за многуте Роми кои живеат во населени места што се изолирани и немаат или имаат лоша интеракција со надворешни институции. Основните информации, вклучувајќи ги и информациите за достапната поддршка и услуги, се недостапни и заеднички резултат на живеење во изолација е недостигот на доверба во институциите и организациите надвор од ромската заедница.

Исто така, многу Роми, кога имаат можност да пристапат до оваа информација, имаат тешкотии во разбирањето, особено на правата и одговорностите што произлегуваат од мерките за вработување. Во некои случаи, ова се должи на сложеноста на употребениот јазик при презентирање на можностите за вработување од страна на релевантните професионалци, во некои случаи се должи на недостигот на време и енергија од страна на овие професионалци за правилно да ги презентираат мерките меѓу ниско образованите кандидати, истовремено обезбедувајќи им да ги разберат сите последици од добивање самовработени/вработени или обучени со поддршка на Владата на ОПЕ.

Родовата дискриминација како бариера за жената Ромка

Често се споменува дека жените Ромки се соочуваат со „двојна дискриминација“ – од мнозинското население и од самите ромски општества, врз основа на етничка припадност и пол, што ги турка ромските жени на маргините на економското општество. Ова значи дека, покрај тоа што живеат во тешки услови, тие често се изложени на експлоатација и на семејно насилство. Прашањето за раните и детските бракови повторно се зголемува во некои општини, според неофицијалните податоци на ОГО, што значи дека девојчињата Ромки се ожениле со млади и имаат деца додека сè уште се деца.

Генерално, во Македонија жените се соочуваат со тешкотии при пристапот до пазарот на трудот. Ситуацијата е уште потешка за жените од етничките заедници, особено жените Ромки. Официјалните податоци претставени погоре само го покажуваат тој факт. При анализирањето на наодите на фокус-групата во овој поглед, овој модел беше очигледен во поатричарската заедница на постојните изолирани населби, како што се општините Шуто Оризари, Битола и Куманово. Многу млади мајки не изразија желба за работа, земајќи ја предвид пропишаната улога на домаќинство, а постарата жена ја презема улогата на портпаролот. Ситуацијата е значително различна во општините со интегрирано живеалиште за социјално домување, на пример случајот во Делчево и Берово. На прашањето како ќе реагираат ако нивните ќерки, кога ќе станат 17-18 години, велат дека не сакаат да стапат во брак и да имаат деца, дека повеќе би сакале да завршат училиште и да најдат вработување прво, одговорот беше мошне решителен, наведувајќи дека всушност нивните ќерки ќе треба да завршат училиште пред да им биде дозволено да се омажат.

## ПРЕПОРАКИ

Институционално и кадровско оформување на единиците на локалната самоуправа во функција на градење капацитети за справување со социјалната исклученост и невработеноста на младите/ Роми.Развивање модел на соработка на општините со локалниот НВО-сектор, имајќи го предвид искуството и потенцијалот на НВО за привлекување и имплементација на меѓународни проекти за заедничко аплицирање за проекти од областа на социјалната инклузија и вработувањето на млади/Роми. Потребно е изработка и имплементација на систем на „активација“ на невработените млади лица кои не се опфатени со образование и обуки заради олеснување на процесот за вклучување во пазарот на трудот. Тоа подразбира: профилирање на невработените лица, изработка на индивидуален план за вработување лица што е тешко да се вработат, мотивациски обуки, вклучување во некои видови обуки или практична работа и сл.Имајќи предвид од анализата

дека најголем дел од Ромите во горенаведените општини се со основно или средно образование и се корисници на социјална помош, потребно е организирање на јавни работи во времетраење не повеќе од шест месеци поради работно вклучување и нивно мотивирање за барање работа. Мапирање на локално ниво од страна на единиците на локална самоуправа за бројот на млади лица и Роми преку отворање на посебни канцеларии за млади во рамките на секоја од општините, организирање на редовни средби и во соработка со ромските информативни центри навремено да се информираат лицата за огласи за одредени мерки за вработување, менторство во текот на аплицирање и други активности заради успешно вклучување во некои од активните програми за вработување.

Препознавање на неформалното образование, особено кај Ромите, и наоѓање на правен начин за нивно признавање или развивање систем на доквалификација заради докомплетирање на нивното знаење од определени работни вештини.Креирање иницијативи за развој на претприемништвото и претприемачките вештини и поттикнување за почнување на сопствен бизнис кај младите лица/Роми како начин за остварување на своето вработување, имајќи предвид дека самовработувањето претставува втора најзастапена форма за вработување на младите лица по вработувањето кај друг работодавач.

Изработена алатка за ИПВ за лица што е тешко да се вработат од страна на Меѓународната организација на трудот и се применува од страна на Агенцијата/центри за вработување. Студија на Меѓународната организација на трудот „Премин на младите жени и мажи од школо на работа“ – Женева, 2016 година.Локалните центри за вработување, во соработка со единиците на локална самоуправа и евентуално меѓународни донатори, да развијат посебни локални мерки за вработување согласно неформалните квалификации што ги имаат жените, особено Ромките, заради зголемено учество на жените на пазарот на трудот.

Давање можност на лицата кои се занимаваат со неформални бизниси да работат во формална економија преку регистрирање на активностите и ослободување од даноци или паушали. Друга мерка би можело да биде бесплатна или симболична цена за регистрација на бизнисите, „фазно воведување на неформалните бизниси во формалната економија“. Ова подразбира: постепени плаќања на обврските, екстензија на плаќања во подолг временски период или „на рати“, понуда за грантови за проширување на постојните бизниси со услов за премин во формални бизниси и сл.

# ДОМУВАЊЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Според последниот попис во Република Македонија (2002), целата популација брои близу два милиона жители, од кои 53.879, или 2,66%, се Роми. Речиси 60% од целата популација на Република Македонија живее во градовите. Ова е карактеристика и на ромската популација, која со мали исклучоци живее главно во градовите. Пописот покажува дека 43% од Ромите живеат во главниот град, а половината од нив се жители на општината Шуто Оризари.

И покрај тоа што домувањето е област на којашто се работи од почетокот на Декадата на Ромите, оваа област останува една од тешко решливите и со слаб напредок. Клучното законодавство за домување во Македонија го вклучува Законот за домување со кој се уредуваат видовите објекти во домувањето, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица, Заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините, општините во Град Скопје и Град Скопје во домувањето, инспекцискиот и управниот надзор и други прашања од областа на домувањето. Овој закон е особено важен за граѓаните, затоа што прецизно го регулира начинот на управување на станбените згради и воспоставува права и обврски за сопствениците на посебните делови; односите помеѓу сопствениците во една станбена зграда, како и сопствениците и трети лица; ги утврдува правата и обврските на Заедницата на сопственици; ги утврдува правата и обврските на лиценцираните управители на згради и предвидува санкции за непочитување на законските одредби. Прашањата од областа на домувањето на локално ниво се дел од надлежностите на поголем број институции. Според надлежностите и одговорностите во единицата на локалната самоуправа, советот и градоначалникот се основните органи на општините. Локалната самоуправа е директно надлежна за локалниот економски и урбан развој на општината.Домувањето на Ромите е определено како еден од секторските приоритети на нашата држава. Во рамките на Декадата на Ромите се подготвени национални акциски планови за домување, кои во некои општини се преточени во Локални акциски планови за домување усвоени од советот на Општината. Најчесто, овие планови се насочени кон подобрување на состојбата на Ромите преку легализација на диво изградените објекти во ромските населби и подобрување на инфраструктурните услови за живот во населбите.

Националниот акциски план за домување 2016-2020 година ги издвојува следните стратешки приоритети:

–Обезбедено социјално домување за ромските семејства од социјално ранливите категории.

–Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација и спречување на штетните услови за живеење.

–Обезбедено системско регистрирање во Катастар на имотот и земјата во сопственост на Ромите.

## Теренска анализа

Неоспорно е дека многу Роми живеат во посебни, де факто сегрегирани населби основани во областите надвор од територијата опфатена со деталните урбанистички планови на соодветните општини. Во Република Македонија недостига мапирање на ромските населби што не се опфатени со ДУП-овите, последователно на тоа мора да се спомене Законот за просторно и урбанистичко планирање, што ги регулира (меѓу другото) приспособувањето на деталните урбанистички планови во општините каде што има ромски населби. Ромите често живеат во населби што се состојат од нелегални живеалишта, што, според Законот за нелегална градба, се предмет на уривање доколку не ги исполнуваат условите за легализација. Најголемата територијална единица во која живее доминантно ромско население е општината Шуто Оризари, а исто така големи сегрегирани заедници има во Битола, Прилеп, Гостивар и Куманово.Несоодветното

и супстандардно домување е карактеристично за повеќето општини населени со Роми. Многу од нивните станбени предизвици се поврзани со тешкотии за добивање права од одговорните институции. Искуствата од теренот покажуваат дека Ромите најчесто живеат во гетоизирани населби со слаба инфраструктура и супстандардни услови, што дополнително придонесуваат кон социјалната исклученост. Жителите на ромските населби во голем број случаи имаат проблем со документацијата, односно немање документи за сопственост на градбите/земјата каде што живеат. Со цел овозможување на ромското население да може да ги користи придобивките од Законот за легализација на диоградби од 2011 година, ромските информативни центри и ромските невладини организации, на локално ниво, почнаа активности за поддршка во обезбедувањето и поднесувањето документи за легализација до локалните самоуправи. Дополнително, надоместоците за геодетските елаборати потребни за барања за легализација се укинаа за корисници на социјална помош (без оглед на етничката припадност).

Според претставниците на РИЦ-овите, оваа мерка резултираше со голем број на поднесени барања за легализација меѓу ромското население. Сепак, ова не важи за најголем дел од Ромите кои живеат во супстандардни услови, бидејќи тие локации најчесто не се дел од постојните урбанистички планови и не може ни да се почне процесот на легализација. Таков е случајот со дивите населби во Гостивар, Битола, Прилеп. Ова би значело дека токму најранливите повторно остануваат надвор од постојните процеси и со нерешен проблем. Таков пример е и дивата населба под скопското кале, каде што се лоцирани околу 40 бездомни ромски семејства со над 50 деца.Во однос на искористеноста на мерките за поддршка на социјално домување од страна на ромското население, податоците добиени од Министерството за транспорт и врски за периодот 2014-2016 година, покажуваат дека од вкупно 111 распределени социјални станови, пет стана биле доделени на лица од ромска националност.

Распределба на социјални станови 2014-2016




Имено, во периодот 2014-2016 направена е распределба на социјални станови во три општини (огласот е објавен во 2015 година, а распределбата на становите е направена во 2016 година):

**– Општина Прилеп –** од распределени 73 социјални станови, во категоријата 5.
Лица припадници на ромската заедница, социјално загрозени, биле поднесени вкупно девет барања, од кои пет барања биле валидни, а четири со нецелосна документација.

**Распределени се пет социјални стана на лица кои ги исполнувале условите од оваа категорија.**

**– Општина Демир Хисар –** од распределени вкупно 20 социјални станови, во категоријата 5.
Лица припадници на ромската заедница, социјално загрозени, не било поднесено ниту едно барање.

**– Општина Ресен –** од распределени вкупно 18 социјални станови, во категоријата 5.
Лица припадници на ромската заедница, социјално загрозени, не било поднесено ниту едно барање.

Треба да се наспомене дека за другите категории, со исклучок на категоријата 5, не се бара доказ за етничката припадност и согласно тоа Министерството за транспорт и врски одговори дека не може да даде податок за број на лица од одредена етничка заедница кои аплицирале и добиле социјален стан.

Друга иницијатива реализирана во оваа област е соработката помеѓу министерот без ресор за ромски прашања и локалните самоуправи за реализација на инфраструктурни проекти во населени места со доминантно ромско население (асфалтирање улици, канализациски мрежи и слично). Сепак, дел од интервјуираните претставници на невладините организации и ромските информативни центри известија за злоупотреба на овие проекти, односно нивно користење во населени места каде што има минимално присуство на ромско население.

Домувањето честопати се поврзува и со социјалната исклученост на ромската заедница. Во таа насока, дел од преземените активности и мерки се и активностите на Министерството за труд и социјална политика: Програмата Условни парични трансфери (Cash Conditional Transfer, CCT) и Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, во согласност со која се врши субвенционирање на трошоците за електрична енергија, огревно дрво, јаглен, екстралесно масло/нафта за домаќинства и централно затоплување.

## Кои се најголемите проблеми поврзани со домување/инфраструктура по општини?

**– Општина Гостивар –** населено место т.н. Дупка, со супстандардни услови на живеење, за кое не е донесен детален урбанистички план. Според претставниците на општината, потребно е прво да се направи пренамена на земјиштето, а потоа да се изработи детален урбанистички план, за да може да се почне со процес на легализација и средување на комуналната инфраструктура. На територијата на општината постои уште една локација на која живее поголема група на ромско население, а тоа е т.н. Македонско маало. Согласно плановите на општината, на таа локација е предвидено да се градат станбени единици. Исто така, во текот на 2018 година планирано е да се врши распределба на социјални станови.

**– Општина Прилеп –** населено место т.н. Тризла, со супстандардни услови за живеење, лоцирана на периферијата на општината Прилеп, со доминантно ромско население. Во Тризла има неколку „маала": Ново Село; Дабничка со Три Багреми; Мексико (со Дебарца) и Дебој. Со Генералниот урбанистички план (ГУП) не се опфатени „Три Багреми" и „Дебарца" и семејствата кои живеат таму сѐ уште го немаат регулирано статусот на својот дом, односно никако не е евидентиран. Тој е дивоизграден и не е легализиран. Во овие делови нема законска основа за изградба на водоводна и канализациска мрежа, од причина што не се внесени во ГУП. Дивите објекти, покрај тоа што не се евидентирани, не се приклучени ниту во мрежите на електрична енергија, водовод и канализација.

Во однос на другите населени места, според податоците од општината и организациите, најголем дел имаат поднесено барања за легализација.

Според локалните невладини организации, еден од најголемите проблеми поврзани со домувањето и инфраструктурата е и небезбедното речно корито на реката што поминува покрај улицата „Дабнички Завој", затоа што во изминатите години имало повеќе смртни случаи на мали деца, а и појава на разни заразни болести поради лошите хигиенски услови.

**– Општина Чаир/Топаана –** населбата Топаана се карактеризира со непланска и непрописна инфраструктура. Општина Чаир во 2007 година има изработено детален урбанистички план за Топаана, но мал дел од планираното до денес е реализирано. Најголем дел имаат поднесено барања за легализација, но сѐ уште голем дел од семејствата немаат санитарни услови во домот, односно бања и тоалет. Уличната инфраструктура и хигиената се исто така посочени како проблеми што бараат итна интервенција од страна на општината.

По иницијатива на Министерството за труд и социјална политика донесена е одлука за интервентно сместување на бездомни лица, односно ромски семејства од територијата на градот Скопје од местото наречено ПОД КАЛЕ и во текот на ноември 2017 година дислоцирани се 112 лица и сместени се во институции што се во надлежност на Министерството.

За социјална инклузија на овие лица ангажирани се ромски организации што 12 часа дневно во две смени работат со нив, подготвуваат индивидуални социјални планови за нивна интеграција на пазарот на труд, социјалната заштита, здравството, обезбедувањето документи за лична идентификација и вклучувањето на децата во образовниот систем.

**– Општина Битола –** во населбата Баир сè уште има градби и домови што се со супстандардни услови за живеење. Според локалното население, собирањето на комуналниот отпад претставува голем проблем што резултира со создавање депонии што ја загрозуваат безбедноста и здравјето на жителите. Изградба на канализација што ќе ги опфати сите домови во ромските населби е исто така приоритет, што е вклучен во локалниот акциски план за домување на општината Битола.

**– Општина Шуто Оризари –** Иако се води како урбана општина, сепак во многу делови од општината недостигаат основните стандарди за пристојно домување, како улична инфраструктура, осветлување, водовод, снабдување со електрична енергија, а според невладините организации на територијата на општината има многу нелегализирани градби во кои живеат лица без документи кои не постојат за системот. Иако на територијата на општината се среќаваат од живеалишта со најнизок стандард до најсовремени градби, сепак за најголемиот дел од населението може да се каже дека живее во неповолни услови на социјална исклученост. Постапката за легализација е во тек, но голем број од семејствата се соочуваат со проблеми и немање пристап до информации и потребни документи за нивно завршување. Општината е пренаселена и нема точен податок за бројот на жители (дополнителен проблем за точна процена на населението се лицата без документи).

## Заклучоци

–Состојбата со домувањето останува еден од најгорливите проблеми на ромското население.

–Условите во сегрегираните населби, како што се оние што постојат во Битола, Гостивар, Куманово, Прилеп и Шуто Оризари, имаат тенденција да бидат полоши од оние на ромските домаќинства во интегрираните населби.

–Жителите на ромските населби често немаат лични документи за утврдување сопственост на нивните живеалишта и/или на земјиштето на кое се изградени, а напредокот во спроведувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во голема мера варира меѓу општините.

–Ромите во многу мал дел се корисници на проектот за социјални станови спроведен од страна на Министерството за транспорт и врски.

## Препораки

–Подготовка на закон за социјално домување. Ваква иницијатива веќе има во Министерството за труд и социјална политика за 2018 година.

–Да се „дегетоизираат" ромските населби, односно да се инвестира во градба на станбени згради и пристап до социјални станови за Ромите надвор од населбата или во близина каде што има создадени услови за домување и пристап до квалитетен живот.

–Да се спроведе правилно нумерирање на куќите и адресирање на улиците, со што ќе се овозможи полесна идентификација на домот во пристапот до сите општествени, социјални и здравствени услуги.

–Да се поставаат јавни контејнери низ улиците на населбата Тризла, со приоритет на главните улици, со што ќе се овозможи подобра општа хигиена за жителите. Паралелно да се организираат еколошки акции во заедницата, во кои ќе се вклучува населението и ќе се едуцира за начинот на селектирање на отпадот.

–Да се овозможи пристап до канализациска мрежа на жителите кои живеат покрај каналот за атмосферска канализација на улица „Дебарца"/„Мексико", да се изврши теренска проверка за потенцијалните штетни влијанија на каналот врз околните домови и појавата на влага во нив и, следствено, да се санираат причинителите кои предизвикуваат штети врз домовите.

–Да се изврши теренска проверка на водоводните приклучоци на улица „Дабнички Завој", при што ќе се утврди поединечниот и директен пристап до чиста вода за пиење во домот на жителите, а со тоа и ќе се информира населението за можностите како да го подобрат пристапот и да го дефинираат својот статус како корисници на водоводната мрежа.

# ЗДРАВСТВО

Уставот на Република Македонија вели дека сите граѓани имаат право на здравствено осигурување и/или здравствена заштита – основно човеково право. На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита и има право и должност да го чува и да го унапредува своето здравје. Ова наметнува обврска врз државата да создаде услови за остварување на правото на здравствена заштита за сите граѓани, вклучувајќи ги и ранливите групи, на кои им припаѓаат Ромите. Правата на граѓаните од областа на здравствената заштита се уредуваат со различни закони, како што се: Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ", 43/2012); Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ", 25/2000, 91/2013); и други релевантни подзаконски акти и прописи. На меѓународно ниво, овие права се дефинирани во Декларацијата за правата на пациентите во Европа, донесена од Светската здравствена организација во 1994 година. Според Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со соодветни прописи и колективни договори. Ова важи и за здравственото осигурување како дел од социјалното осигурување.

Според актуелното законодавство, сите граѓани, независно од статусот, треба да бидат членови на системот за здравствено осигурување. Клучниот проблем се јавува кога граѓанинот не може да обезбеди документи за лична идентификација, како што е случај со дел од ромското население.

## Наоди од теренска анализа

Дури и во отсуство на прецизни статистички податоци од Фондот за здравствено осигурување (здравствените статистики во Македонија не се класифицирани според етничка припадност), јасно е дека здравствената состојба на ромското население е значително полоша во споредба со другите етнички заедници во Македонија. Во 2016 година, Комитетот за економски, социјални и културни права на Обединетите нации (2016: точка 47 и 49) изразува „загриженост за ограничениот пристап до здравствени услуги, особено на ромското население, како и акутниот недостиг на гинеколошки услуги во руралните средини и средините со доминантно ромско население". Најголема смртност на доенчиња има кај Ромите, покажуваат анализите на Заводот за заштита на мајки и деца. Податоците говорат дека смртноста кај доенчињата кај ромската популација е највисока во однос на другите во сите периоди, почнувајќи од раѓање, сѐ до 11-тиот месец од животот. Животниот век на Ромите е во просек за десет години пократок во однос на другото население.

Ромските деца на возраст под пет години покажуваат знаци на заостанување во раст и развој значително повеќе од националниот просек (16,6% наспроти 8,7%) (Еминова, Јанева и Петроска-Бешка 2011). Покрај тоа, како што беше споменато погоре, ромските деца се со помала веројатност да бидат имунизирани од неромските деца: 34% од ромските деца не ги добиле сите вакцини (Извор: УНИЦЕФ, МИЦС, 2011), споредено со 12% кај децата од другите етнички заедници, и покрај фактот што програмата за имунизација треба да обезбеди бесплатна вакцинација за сите деца.Споредбата помеѓу националната стратегија за Ромите, изготвена во 2004 и во 2014 година, укажува на тоа дека Ромите се соочуваат со истите здравствени проблеми дури и по една деценија на спроведување на стратегијата.

Пристапот до здравствена заштита кај Ромите често е ограничен од сиромаштијата. Како што е наведено од еден претставник на ромска НВО, што учествуваше во фокус-групата, „пристапот до здравствени услуги не е лесен за сиромашните семејства, а повеќето ромски семејства се навистина сиромашни семејства и живеат во несоодветни услови".

Информациите собрани во текот на теренската работа спроведена при изготвувањето на овој извештај сугерираат дека повеќето Роми имаат здравствено осигурување; според претставниците на ромските граѓански организации што учествуваат во истражувањето, покриеноста на

здравственото осигурување кај Ромите значително се подобри во последниве години и продолжува да се подобрува. Сепак, здравственото осигурување и понатаму останува проблем за голем број лица кои имаат проблем со личната документација. Последните официјални информации на Министерството за труд и социјална политика зборуваат за бројка од околу 700 лица, но според невладините организации таа бројка е многу поголема. Според процените на некои невладини организации бројот на Роми без здравствено осигурување се движи од 20 до 30% во сите општини. Ова ги прави законски невидливи и без можност да бидат опфатени во здравствениот систем.

Додека зголемувањето на покриеноста на здравственото осигурување е позитивен развој, сепак здравственото осигурување е неопходен, но не е доволен услов за пристап до здравствени услуги и голем дел се соочуваат со тешкотии во пристапот до бесплатни лекови на рецепт, впрочем како и сиромашните граѓани од сите етнички заедници. Сепак, важна разлика во овој поглед е тоа што Ромите во многу поголем процент се сиромашно население кое не може да си дозволи услуги или лекови што не се бесплатни.

Најчесто споменувана позитивна активност во сите општини е проектот за ромски здравствени медијатори, што почна во 2013 година како иницијатива на граѓански организации во партнерство со Министерството за здравство и моментално функционира во десет општини. Учесниците во интервјуата спроведени при подготовката на овој извештај забележаа дека медијаторите се особено успешни во поддршката на имунизацијата на ромските деца, олеснување на пристапот до здравствено осигурување и обезбедување информации за бесплатни услуги достапни преку превентивните и куративните програми на Министерството за здравство. Во таа насока, неопходно е проширување на проектот, бројот на ромските здравствени медијатори и бројот на општините во кои работат тие.

Како позитивна практика беше спомената и програмата за медицински стипендии за Роми запишани во средните училишта и универзитетите во Македонија. Важноста на оваа програма беше многу јасно истакната во Гостивар од член на локалната ромска заедница: „Нашиот пристап до здравствени услуги, начинот на кој сме третирани во здравствената установа е многу подобрен затоа што имаме ромски лекар. Тоа значи дека имате некој на кого можете да се потпрете“.

Додека интервјуираните здравствени работници беа генерално скептични во врска со постоењето дискриминација против Ромите во областа на здравствената заштита, интервјуираните учесници и учесниците во фокус-групите пријавија дека постојат дискриминаторски практики. Наодите на фокус-групите во голема мера се поддржани од извештаите што ги даваат и други институции, како што се извештаите на Народниот правобранител. Дел од интервјуираните граѓани известија за случаи во кои на ромските пациенти не им биле издадени отпусни листи или нивните здравствени картички биле земени поради неплатените долгови кон институциите каде што се лекувале, со што се оневозможува нивното право на здравствена заштита. Понатаму, учесниците во фокус-групите изјавуваат дека многу често се соочуваат со нељубезност и грубо однесување што ги спречува да продолжат со понатамошни посети на лекар. „Само сакаме да се однесуваат љубезно и да нè прашаат љубезно што ни треба“, изјави еден учесник.

Пристапот до пренатална нега и услуги за сексуално и репродуктивно здравје се проблематични за многу жени Ромки. Позитивен чекор е решавањето на проблемот во Шуто Оризари, каде што не постоеше ниту еден гинеколог на територијата на целата општина. Исто така, во општините Битола и Прилеп им недостига доволен број гинеколози за да се обезбеди остварување на репродуктивните и на здравствените права за сите Ромки. Во исто време, проблемот со малолетничките бракови кај Ромите бара неодложна репродуктивна здравствена заштита. Меѓутоа, направените интервјуа и фокус-групите што се одржаа при изготвувањето на овој извештај посочуваат дека постои мала координација меѓу институциите во решавањето на феноменот на раните бракови меѓу Ромите, при што практиката понекогаш се толерира како карактеристика на ромската традиција. Теренското истражување, исто така, идентификуваше

нееднаков третман од страна на здравствените работници и недостиг на информации за правата на здравствената заштита како некои од најзначајните пречки со кои се соочуваат жените Ромки.

## Заклучоци

Програмата на Министерството за здравство за ромските здравствени медијатори значително придонела за зголемување на стапката на вакцинација, олеснување на пристапот до здравствено осигурување, како и обезбедување информации за бесплатни услуги понудени од страна на Министерството за здравство. Меѓутоа:

– Иако најголем дел од Ромите имаат здравствено осигурување и пристап до здравствена заштита, тој е често ограничен поради сиромаштијата.

–Известувањата за дискриминација на Ромите во областа на здравството и понатаму се чести.

–Пристапот до професионална пренатална грижа е проблем за многу ромски жени, поради недоволен број гинеколози, како што е забележано во Битола, Прилеп и Шуто Оризари.

–Постои недоволна координација помеѓу институциите одговорни за надминување на појавата на малолетнички бракови кај ромската популација.

–Здравствени медијатори нема во сите општини.

## Препораки

–Министерството за здравство на Република Македонија да основа Комисија за следење на здравствената положба на Ромите, во рамките на Министерството за здравство, што ќе го следи имплементирањето на здравствената стратегија на национално и на локално ниво и ќе изготвува периодични извештаи.

–Министерството за здравство може да креира програма за обезбедување средства за пристап до лекови без наплата на учество (партиципација) за Ромите-корисници на социјална помош со која ќе се надмине проблемот на неповолната финансиска состојба и неможноста да се обезбедат препишаните лекови.

–Програма Ромски здравствени медијатори со која ќе се дефинира статусот на ромските здравствени медијатори во рамките на Министерството за здравство и ќе се овозможи нивно трајно вработување. Ромски здравствени медијатори треба да се вработат во сите општини во кои има поголем процент на ромско население, како што е општината Битола.

–Програма Медицински стипендии за Роми со која ќе се обезбеди континуитет на постојниот проект за медицински стипендии за Роми, што има значајни резултати и долгорочни ефекти за здравството на Ромите во Република Македонија.

–Министерството за здравство на Република Македонија и/или локалните самоуправи да отворат здравствени советувалишта во ромските средини наменети за мобилни здравствени услуги од превентивна и примарна здравствена заштита.– Попроактивна улога на здравствените работници, особено на матичните лекари и патронажните сестри во комуникацијата со ромската популација во процесот на здравствена едукација.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Република Македонија, според Уставот, е дефинирана како социјална заштита. Во член 35 од Уставот е наведено: „Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност“.Закони преку кои се остваруваат правата на социјална заштита и сигурност се: Законот за социјална заштита; Законот за семејството; Законот за заштита на децата; Законот за локалната самоуправа; Законот за пензиско и инвалидско осигурување; Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност; Законот за општата управна постапка; Законот за управните спорови.

## Преглед на пристап и корисници на права од социјална заштита

**Право на социјална парична помош** има лице способно за работа и домаќинство (заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат). Подносител, односно носител на правото на социјална парична помош е невработено лице кое активно бара работа согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, материјално необезбедено и кое, според други прописи, не може да обезбеди средства за егзистенција. За материјално необезбедено се смета лице и домаќинство кое остварува приходи по сите основи пониски од износот на социјалната парична помош, утврден со овој закон и коешто не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува. Ромите во Република Македонија во најголем број се јавуваат како корисници на **правото на социјална парична помош**. Од податоците може да се види дека во периодот од 2012 до 2016 година најголем број корисници Роми се евидентирани во 2013 година, односно 8.025. Во следните години бројот на корисници се намалува, па така бројот на корисниците на социјална парична помош во 2014 година изнесува 7.774, во 2015 година изнесува 6.299, а во 2016 година бројот се намалува на 5.334 корисници (Табела бр. 1). Во просек, процентот на Роми-корисници на СПП од вкупниот број изнесува 18%.

Табела бр. 1. Роми-корисници на социјална парична помош




**Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, што не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.** Бројот на Роми-корисници на **правото на постојана парична помош** во последните години е прикажан во Табела бр. 2.

Табела бр. 2. Роми-корисници на постојана парична помош



Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице поради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. Податоците за бројот на Роми кои го остваруваат правото на **паричен надоместок за помош и нега од друго лице** се прикажани во Табела бр. 3.

Табела бр. 3. Роми-корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице




**Правото на додаток за мобилност** се обезбедува за лице со 100% телесен инвалидитет кое самостојно користи инвалидска количка со навршени 26 години и лице со квадриплегија или со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој кое користи инвалидска количка со придружник, поради создавање услови за изедначување на нивните можности за вклучување во секојдневниот живот во заедницата на овие лица. Правото на мобилност и слепило во 2014 година го користеле 296 лица од ромска националност, во 2015 година бројот на корисници е 352, додека во 2016 година бројот достигна до 371 корисник (Табела бр. 4).

Табела бр. 4. Додаток за мобилност и слепило




**Правото на парична помош за социјално домување** се обезбедува на социјално загрозени лица – станбено необезбедени. Правото на парична помош за социјално домување од страна на Ромите го користат мал број. За тоа говорат и податоците, во 2014 година го користеле пет корисника, во 2015 година правото го оствариле седум, а во 2016 година бројот на корисници на ова право е шест (Табела бр. 5). Овој податок целосно не соодветствува на реалната слика, поради фактот што најголем проблем за ромското население е токму домувањето. Само на една локација во Скопје, на отворено во супстандардни услови, престојуваат 30 ромски семејства, кои моментално се згрижени во објект на Министерството за труд и социјална политика. Во текот на декември, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Црвениот крст на РМ, отвори четири регионални пунктови за сместување на бездомни лица, со цел да се излезе во пресрет на лицата кои имаат проблем со домување при неповолни временски услови. Регионалните пунктови се отворени во Битола, Струмица и Струга и проширен е капацитетот на пунктот за сместување на бездомни лица во Скопје.

Табела бр. 5 Парична помош за социјално домување

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Парична помош за социјално домување | 13 | 2013 | 2 | 15,4% |
| Парична помош за социјално домување | 22 | 2014 | 5 | 22,7% |
| Парична помош за социјално домување | 33 | 2015 | 7 | 21,2% |
| Парична помош за социјално домување | 28 | 2016 | 6 | 21,4% |

**Еднократна парична помош или помош во** натура се доделува на лице или семејство кои се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Под помош во натура се подразбира обезбедување облека, исхрана и други средства за кои центарот за социјална работа ќе утврди дека се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството. Во Табела бр. 6 е даден приказ на бројка на Роми-корисници на еднократна парична помош и помош во натура во последните години. Според тие податоци, во просек, околу 20% од корисниците на ова право се од ромска националност.

Табела бр. 6 Еднократна парична помош и помош во натура



Корисниците на правото на социјална парична помош, со одредени критериуми, имаат право да користат субвенции за потрошена енергија. Ова право во 2016 година го оствариja 9.682, од кои 1.053 се Роми (Табела бр. 7).

Табела бр. 7. Субвенционирање на потрошувачката на енергија

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Субвенционирање на потрошувачката на енергија | 6.335 | 2012 | 764 | 12% |
| Субвенционирање на потрошувачката на енергија | 10.346 | 2013 | 1.240 | 12% |
| Субвенционирање на потрошувачката на енергија | 10.984 | 2014 | 1.244 | 11,3% |
| Субвенционирање на потрошувачката на енергија | 10.688 | 2015 | 1.099 | 10,3% |
| Субвенционирање на потрошувачката на енергија | 9.682 | 2016 | 1.053 | 10,9% |

За дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок. Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста на лицата во менталниот или телесниот развој. Право на посебен додаток има еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, со постојано место на живеење во Република Македонија, ако детето е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата. Ова право во 2014 година го користат 681 Ром, а во следните две години има благо намалување, односно во 2015 година правото го користат 666, додека во 2016 година бројот на корисници Роми достигна до 628 (Табела бр. 8).

Табела бр. 8 Право на посебен додаток

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Посебен додаток | 3.740 | 2013 | 327 | 8,7% |
| Посебен додаток | 7.203 | 2014 | 681 | 9,4% |
| Посебен додаток | 7.249 | 2015 | 666 | 9,2% |
| Посебен додаток | 7.128 | 2016 | 628 | 8,8% |

**Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот** и со најтешки облици на хронични заболувања е утврдено со Законот за работните односи и се остварува во центарот за социјални работи. Во периодот од 2013 до 2016 година ова право го користи само едно лице од ромска националност.

**Детски додаток е право на детето** и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето. Право на детски додаток остварува еден од родителите на детето, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Републиката, за дете државјанин на Република Македонија и на редовно школување во Републиката.

Табела бр. 9 дава приказ на корисниците на ова право од ромска националност во периодот од 2012 до 2016 година.

Табела бр. 9 Детски додаток

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Детски додаток | 6.622 | 2012 | 401 | 6% |
| Детски додаток | 9.531 | 2013 | 686 | 7,2% |
| Детски додаток | 8.677 | 2014 | 640 | 7,4% |
| Детски додаток | 7.498 | 2015 | 539 | 7,2% |
| Детски додаток | 5.985 | 2016 | 444 | 7,4% |

**Еднократна парична помош за новороденче** се обезбедува на семејството за прво новородено дете. За прво новородено дете се смета дете кое е прво живородено дете по ред на раѓање на мајката. За прво новородено дете ќе се сметаат и децата кога мајката при првото раѓање ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе). За прво новородено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) при првото посвојување, на возраст на детето/цата до една година доколку мајката нема прво новородено дете.

Табела бр. 10 Корисници на еднократна парична помош за новороденче од ромска националност

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за новороденче | 1.034 | 2013 | 37 | 3,6% |
| Еднократна парична помош за новороденче | 8.532 | 2014 | 286 | 3,3% |
| Еднократна парична помош за новороденче | 8.309 | 2015 | 237 | 2,8% |
| Еднократна парична помош за новороденче | 5.562 | 2016 | 152 | 2,7% |

**Родителски додаток за дете** остварува мајка за своето трето живородено дете. Правото го остварува мајка која е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија последните три години пред поднесување на барањето.

Табела бр. 11 Родителски додаток за трето дете, корисници од ромска националност

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Родителски додаток за трето дете | 3.848 | 2013 | 612 | 16% |
| Родителски додаток за трето дете | 18.029 | 2014 | 1.893 | 10,5% |
| Родителски додаток за трето дете | 21.174 | 2015 | 2.115 | 10% |
| Родителски додаток за трето дете | 22.725 | 2016 | 2.152 | 9,4% |

**Правото на родителски додаток за четврто дете** го остварува мајка која непосредно се грижи за детето за кое поднела барање, чиишто деца од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување и на којашто не и е одземено родителското право над децата од претходниот ред на раѓање.

Табела бр. 12 Родителски додаток за четврто дете, кориснички од ромска националност

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Родителски додаток за четврто дете | 276 | 2013 | 63 | 22,8% |
| Родителски додаток за четврто дете | 853 | 2014 | 160 | 18,7% |
| Родителски додаток за четврто дете | 843 | 2015 | 155 | 18,4% |
| Родителски додаток за четврто дете | 820 | 2016 | 143 | 17,4% |

Корисници на **програмата условен паричен надоместок** се ученици од домаќинства кои се корисници на право на социјална парична помош и од домаќинства на кои им мирува правото на социјална парична помош. Корисникот остварува условен паричен надоместок за средно образование доколку: – не остварува право на детски додаток, согласно со Законот за заштита на децата, – е запишан како редовен ученик во средно училиште, – редовно ја завршил претходната учебна година во која користел условен паричен надоместок, и – е на средношколска возраст, согласно Законот за средно образование. Корисникот користи условен паричен надоместок за средно образование, ако: – е редовен ученик, и – присуствува на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани часови.

Табела бр. 13 Роми-корисници на условен паричен надоместок

| Право | Вкупен број корисници | Година | Број на корисници Роми | Процент на Роми |
|---|---|---|---|---|
| Условен паричен надоместок | 2.911 | 2012 | 191 | 6,5% |
| Условен паричен надоместок | 10.880 | 2013 | 816 | 7,5% |
| Условен паричен надоместок | 8.093 | 2014 | 605 | 7,5% |
| Условен паричен надоместок | 9.062 | 2015 | 597 | 6,6% |
| Условен паричен надоместок | 4.681 | 2016 | 284 | 6% |

Земајќи го предвид фактот дека најголемото исипување на децата од ромска националност се случува во основното образование, се предлага оваа мерка за условен паричен надоместок да го опфати и основното образование.Право на **парична помош за студирање** остваруваат лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и родителска грижа, под услов да се запишани како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи (прв и втор степен на студии и докторски студии).

Висината на паричната помош за студирање изнесува 18.000 денари, односно 24.000 денари, во зависност од тоа дали лицето користи социјален стан под закуп. Мал е бројот на корисници на ова право, така во 2014 година има евидентирано само три корисника. Во 2015-2016 има мало зголемување со три корисника. Од вкупниот број корисници од 197 во 2016 година само осум Роми го користат правото на паричната помош за студирање.

Од правата во социјалната заштита, најмал е бројот на Роми-корисници на **правото на цивилна инвалиднина**. Во периодот од 2011 до 2013 година бројот на Роми-корисници е три, додека во следните три години ова право го користат два корисника.

**Ромски деца сместени во Детски дом „11 Октомври“, Скопје**

Табела бр. 14 Податоци за децата според национална припадност во ЈУ Детски дом „11 Октомври“, Скопје, за 2016 година



**Лица сместени во згрижувачко семејство**

Право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Правото на сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на: дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование, односно шест месеци по завршување на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбедат на друг начин.Во 2016 година, вкупниот број лица сместени во згрижувачко семејство се 382 лица, од кои 135 се од ромска етничка припадност. Во 2016 година се евидентирани вкупно 444 даватели на услуги – згрижувачки семејства. Од нив, 176 се ромски семејства кои ја даваат оваа услуга. Најголемиот број на згрижувачки семејства се евидентирани во Скопје, и тоа 116.

## Посвојување

Согласно Законот за семејството, во периодот 2014-2016 година посвоени се вкупно 114 деца:

- 2014 година 40 деца;
- 2015 година 38 деца;
- 2016 година 36 деца.

Од вкупно 114 посвоени деца во дадениот период 29 деца се од ромска националност.

## Семејно насилство

Согласно евиденцијата на Министерството за труд и социјална политика од 30 центри за социјална работа, состојбата со евидентирани случаи на семејно насилство од ромска националност состојбата е следна:

Табела бр. 15 Семејно насилство

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година (јануари-септември) |
|---|---|---|---|
| Нови случаи | 999 | 1.129 | 849 |
| Ромска националност | 78 | 86 | 49 |
| Вработени | 5 | 10 | 3 |
| Невработени | 68 | 66 | 45 |
| Стари лица | 5 | 10 | 1 |
| Сместени во Центарот за лица жртви на семејно насилство | 4 | 5 | |
| Социјална парична помош | 1 | 2 | 5 |
| Еднократна парична помош | 1 | 3 | 1 |
| Постојана парична помош | | | 2 |

Како што може да се забележи од податоците, постои разлика во поглед на етничката структура на сместените лица, односно бројот на сместени лица од ромската заедница е несразмерно низок. Причините за ова се сигурно повеќекратни, од културниот контекст, идентификувањето и пријавувањето на семејното насилство, но мораме да го земеме предвид и постоењето, односно недостигот на информации и услуги за поддршка и заштита на целата територија и на јазик што го користат етничките заедници.

## Заклучоци

Најголем предизвик во остварувањето на правата од социјалната заштита и воопшто сите права кај ромската заедница е проблемот со документи за лична идентификација. Според информации на Министерството за труд и социјална политика, околу 700 Роми се соочуваат со овој проблем поради кој од најразлични причини не можат да извршат упис во матичната книга на родени и со тоа се една од најзагрозените категории, кои сè додека не извршат упис или не се реши нивниот статус не можат да остварат ниту едно од правата предвидени со законските можности што ги нуди државата. Имајќи предвид дека државата не располага со официјални бројки за лица без документи (таканаречени фантоми), Министерството за труд и социјална политика, во координација со Управата за водење на матични книги, покрена иницијатива за јавен повик со кој ќе се повикаат сите лица кои не се регистрирани во матичната книга на родени да поднесат барања до управата за дополнителен упис, со што Македонија ќе располага со официјални бројки и истовремено ќе има увид за каков вид предмети се работи. Дополнително, доставена е информација до Владата на РМ за иницијатива за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка (да се воведе можност Судот да донесе решение за запишување во матичната книга со цел да се обезбеди идентитет).

Ромските информативни центри имаат значителна улога во подобрувањето на пристапот до права и услуги за ромската заедница. Во моментот функционираат 12 ромски информативни центри во 12 општини и ангажирани се 16 лица [кои работат во РИЦ (Шуто Оризари, Топаана, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кочани, Делчево, Виница, Берово и Куманово)]. Ромските информативни центри работат за навремено информирање, советување упатување и давање на логистичка поддршка на граѓаните во насока на остварување на нивните права и обврски (од областите на социјалната заштита, вработување, здравство, домување и образование, вадење на лични документи и др.). Земајќи ја предвид нивната улога потребно е да се направи трансформација на нивните работни места во редовен работен однос. Истовремено, потребно е зајакнување на капацитетите на вработените во РИЦ-овите во областа на мониторингот, евалуацијата и известувањето.

# Студии на случај врз основа на направени интервјуа со лица од ромската етничка заедница

А. Љ., 34-годишен, женет, има четири деца со постојано живеалиште во сопствена барака во Општина Шуто Оризари. Децата идат редовно на училиште и редовно се вакцинирани, сите сме здравствено осигурени. А. Љ. изјави: Со сопругата заедно работиме што било, чистиме во куќи, продаваме стара облека само за да можеме да го прехраниме семејството. Децата ни се мали и не можат да ни помогнат. Не примаме социјална помош, бидејќи примавме пари за трето дете. Но, сега и тоа ми го укинаа, бидејќи моето дете полни шест години во декември, а јас не знаев дека требаше да го запишам во школо, не ми стигна дома никаква покана. Јас се пожалив во Центарот за социјална работа, но они ми рекоа дека таков е законот и не можат ништо да сторат. Го запишав моето дете во основно училиште и повторно ги однесов документите во Центарот за социјална работа, но од таму ми рекоа сега за сега предметот ќе биде во мирување. Јас сега никаква парична помош не добивам.

Ф. К., родена во 1979 година, со постојано живеалиште во сопствена куќа во Шуто Оризари. Мажена сум и имам четири деца. Сите сме здравствено осигурени и сите деца се редовни примени вакцини. Сите сме невработени и не сме ни приматели на социјална помош. Продаваме стари алишта, собираме шишиња и децата ми помагаат, затоа работиме. Поради трансфер на пари мене ми е укината социјалната помош, маж ми имал проблеми и земал пари од лихвари. Морал да ги врати, па отиде кај сестра си во Италија. Работел нешто и ми има испратено 1.000 евра за да ги вратам парите, поради тие пари што ми беа испратени преку „Вестер унион“ мене ми го укинаа социјалното, бев еднаш во социјално, ми кажаа дека таков е законот и дека не е до нив. Јас не знам каде да се обратам зашто веќе пола Шутка го имаат овој проблем. По невладини организации не идеме зашто досега за никого им немаат помогнато. Не им веруваме веќе.

С. Д., 35 години, живеам во Берово, деветчлено семејство сме, имам седум малолетни деца. Сите деца ми одат во училиште, освен едно, сè уште е мало. Пет деца се во основно образование и едниот син најголемиот е во средно. Со најголемиот син имаме проблеми, тој е запишан во гимназија, ама не оди редовно во училиште. Има 16 години и често излегува од школо, оди да работи приватно – растовар и товарање, дрва цепење, што ќе најде. Имаме реален проблем со него. Нè дадоа на суд зашто не оди редовно во школо. Земаме социјална помош од 6200 денари еве сега четири месеци. Маж ми со синот работи приватно, за да се исхраниме. Нема од каде инаку. Другите деца одат редовно во школо, најмалата е 6 години има здравствени проблеми, има бронхитис. Девојчето што ми е четврто одделение е болна, има проширени лигаменти, нонстоп и тече крв од носот. Докторката нема направено никакви анализи, бидејќи е мала уште, плус немаме пари да ја носиме во Штип на преглед на уво, нос и грло. Маж ми пак е дијабетичар. Имаме сите здравствено осигурување, лековите ги земаме државно, плаќаме малку. Кога имаме пари, се лекуваме, кога не – дома. Голем проблем имаме со водата, дадени сме на извршител поради неплатени сметки, 27.000 денари е долгот. (Општината имаше објавено повик за отпишување долг, меѓутоа не се јавиле. Не биле информирани.) Со институциите немаме проблем толку. Со ЦСР имам многу добар однос, секогаш ми излегуваат во пресрет. Два-трипати поднесов барање до Општината, за да стават потпорен ѕид, па на крајот ставија. Куќата ми е цела за реновирање, имам четири соби, бања и ходник, ама имаме многу влага. Со НВО сум презадоволна преку нив ми одеа сите деца четири години во градинка. Е, сега, имаме проблем, финансиите ни се многу слаби не можеме да ги обезбедиме децата за во школо. Најмногу ми е потребно да ми се реновира куќата, да не живееме во влага, вода. Финансиите да ни се средат, работа да имаме, децата да можеме нормално да ги одгледаме.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Анализа на политиките на претприемништво за надминување на другоста кај Ромите, ЦЕА, (2016), online http://cea.org.mk/analiza-na-politikite-za-pretpriemnishtvo-vo-rm-za-nadminuvanena-drugosta/

Анкета на работна сила, 2016, ДЗС, online: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf [4]

EPTISA. 2016a. Report on Policies Affecting Roma at National and Local Levels with Recommendations for Improving Legal and Policy Frameworks as well as Availability of Relevant Data. Skopje: EPTISA

Decade of Roma Inclusion Secretariat Foundation. 2012. Civil Society Monitoring Report on the Implementation of the National Roma Integration Strategy and Decade Action Plan in 2012 in Macedonia. Budapest: Decade of Roma Inclusion Secretariat Foundation.

Искуства и перцепции на примателите на социјална помош за условите за живот и можностите - Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје, 2016

Истражување на пазар на труд, Профил на млади невработени Роми од Скопје, Битола, Кочани, Тетово, ЦЕА (2017)МакСтатбаза, Државен завод за статистика на Македонија, online http://makstat.stat.gov.mkМинистерство за труд и социјална политика. 2014. Стратегија за Ромите во Република Македонија, 2014-2020. Скопје: Министерство за труд и социјална политика

Национален акционен план за вработување 2016-2020 online: http://www.mtsp.gov.мкНационална програма за пристојна работа 2015-2018, online, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/nacionalna_programa_pristojna_rabota.pdfНационална Стратегија за Вработување на Република Македонија 2016-2020 година online достапна на http://www.mtsp.gov.mkПомеѓу имплементацијата и реалност на Националната Стратегија за Инклузија на Ромите Декада на Роми 2005 – 2015, Хелсиншки комитет за човекови права, 2014 година

Преглед и анализа на националните и локалните политики и иницијативи релевантни за социјално вклучување (инклузија) на Ромите преку пазар на труд, ЦЕА, 2017